# Службен весник на Република Македонија

**Број 74** | **13 јуни 2012, среда** | **година LXVIII**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


**СОДРЖИНА**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 1999. | **Закон** за претворање на побарувањата на Република Македонија по основ на јавни давачки во траен влог во друштвата АД Органско хемиска индустрија „Наум Наумовски - Борче" Скопје, Тутунски комбинат АД Прилеп и Друштво за производство на производи со посебна намена „11 Октомври Еурокомпозити" АД Прилеп........................................................ | 2 |
| 2000. | **Закон** за изменување на Законот за шумарска и ловна инспекција............. | 4 |
| 2001. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за договорен залог............. | 4 |
| 2002. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за државните награди........ | 6 |
| 2003. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за катастар на недвижности......... | 7 |
| 2004. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за образование на возрасните........................................................ | 20 |
| 2005. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за правното наследство на Република Македонија на членството во Меѓународниот монетарен фонд..... | 24 |
| 2006. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри.......................................... | 28 |
| 2007. | **Закон** за легализација на јавните исправи во меѓународниот промет.......... | 42 |
| 2008. | **Одлука** за измена и дополнување на Одлуката за начинот на вршење на супервизија и надзор............................ | 44 |
| 2009. | **Одлука** за измена и дополнување на Одлуката за сигурноста на информативниот систем на банката.................. | 45 |
| 2010. | **Одлука** за измени и дополнување на Одлуката за сметководствениот и регулаторниот третман на преземените средства врз основа на ненаплатени побарувања........................................... | 46 |
| 2011. | **Одлука** за измена и дополнување на Одлуката за изменување и дополнувања на Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот...................................................... | 46 |
| 2012. | **Одлука** за начинот и постапката на известување за трансакции со нерезиденти..................................................... | 46 |
| 2013. | **Одлука** за измена на Одлуката за единствената тарифа на надоместоците за услугите што ги врши Народната банка на Република Македонија...... | 47 |
| 2014. | **Исправка** на Одлуката за избор на јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Куманово...................... | 48 |
| 2015. | **Објава** за стапката на трошоците на живот и платите за месец мај 2012 година..................................................... | 48 |
| | **Огласен дел.........................................** | **1-128** |

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**1999.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕТВОРАЊЕ НА ПОБАРУВАЊАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПО ОСНОВ НА ЈАВНИ ДАВАЧКИ ВО ТРАЕН ВЛОГ ВО ДРУШТВАТА АД ОРГАНСКО ХЕМИСКА ИНДУСТРИЈА „НАУМ НАУМОВСКИ - БОРЧЕ“ СКОПЈЕ, ТУТУНСКИ КОМБИНАТ АД ПРИЛЕП И ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ПРОИЗВОДИ СО ПОСЕБНА НАМЕНА „11 ОКТОМВРИ ЕУРОКОМПОЗИТИ“ АД ПРИЛЕП

Се прогласува Законот за претворање на побарувањата на Република Македонија по основ на јавни давачки во траен влог во друштвата АД Органско хемиска индустрија „Наум Наумовски - Борче“ Скопје, Тутунски комбинат АД Прилеп и Друштво за производство на производи со посебна намена „11 Октомври Еурокомпозити“ АД Прилеп,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 11 јуни 2012 година.

Бр. 07- 2675/1
11 јуни 2012 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ПРЕТВОРАЊЕ НА ПОБАРУВАЊАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПО ОСНОВ НА ЈАВНИ ДАВАЧКИ ВО ТРАЕН ВЛОГ ВО ДРУШТВАТА АД ОРГАНСКО ХЕМИСКА ИНДУСТРИЈА „НАУМ НАУМОВСКИ - БОРЧЕ“ СКОПЈЕ, ТУТУНСКИ КОМБИНАТ АД ПРИЛЕП И ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ПРОИЗВОДИ СО ПОСЕБНА НАМЕНА „11 ОКТОМВРИ ЕУРОКОМПОЗИТИ“ АД ПРИЛЕП

Член 1

Со овој закон се уредуваат начинот и постапката за претворање на побарувањето на Република Македонија по основ на јавни давачки во траен влог во друштвата АД Органско хемиска индустрија „Наум Наумовски - Борче“ Скопје, Тутунски комбинат АД Прилеп и Друштво за производство на производи со посебна намена „11 Октомври Еурокомпозити“ АД Прилеп (во натамошниот текст: друштвата), заради приватизација на државниот капитал во овие друштва.

Член 2

(1) Во постапката за претворање на побарувањето на Република Македонија во траен влог се преземаат и обврските по основ на јавни давачки и на правните лица кои се капитално поврзани со друштвата од членот 1 од овој закон (друштва со ограничена одговорност и друштва со ограничена одговорност основани од едно лице).

(2) На постапките за претворање на побарувањата на друштвата од членот 1 од овој закон во траен влог во правните лица кои се капитално поврзани со нив, а кои побарувања произлегуваат од преземањето на долговите по основ на јавни давачки, соодветно се применуваат одредбите на овој закон.

Член 3

Во постапката за претворање на побарувањето во траен влог, друштвата од членот 1 од овој закон склучуваат договори за преземање на долговите на капитално поврзаните друштва по основ на јавни давачки спрема Република Македонија, при што постапката за претворање на побарувањата во траен влог се спроведува во друштвата од членот 1 од овој закон.

Член 4

(1) Побарувањата на Република Македонија по основ на јавни давачки кон друштвата, во смисла на овој закон, се побарувањата по основ на даноци, акцизи, царински давачки, придонеси за задолжително социјално осигурување, како и други давачки определени со закон како јавни давачки, како и каматите и другите споредни обврски настанати по основ на јавните давачки кај друштвата и правните лица кои се капитално поврзани со друштвата до денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) Каматите и другите споредни побарувања на главниот долг од ставот (1) на овој член се пресметуваат согласно со закон, до денот на влегувањето во сила на овој закон.

(3) Висината на главниот долг и каматите и споредните побарувања на главниот долг од ставовите (1) и (2) на овој член, со записник ја утврдуваат претставници на органот на државната управа или друг надлежен орган или институција кој води евиденција за утврдување и наплата на јавната давачка и претставници на друштвата.

Член 5

По утврдување на висината на главниот долг и каматите, како и другите споредни побарувања на главниот долг од страна на субјектите од членот 4 став (3) од овој закон Владата на Република Македонија, преку органите на управување на друштвата, предлага свикување на собрание на акционери на кое се одлучува за зголемување на основната главнина на друштвата во висина на побарувањето на Република Македонија определено согласно со членот 4 од овој закон.

Член 6

(1) Постапката за издавање на акции од страна на друштвата се врши согласно со одредбите од Законот за хартии од вредност, освен ако со овој закон поинаку не е определено.

(2) Друштвата акциите ги издаваат по номинална вредност.

(3) Приватна понуда на хартии од вредност, во смисла на овој закон, е понуда за запишување на хартии од вредност врз основа на претворање на побарувањето во траен влог, која е наменета за Република Македонија.

(4) При издавање на акции, согласно со овој закон, во случај кога Владата на Република Македонија се јавува како познат купувач, не се применува забраната за постојните акционери да се јават како познати купувачи.

Член 7

(1) Владата на Република Македонија ги презема акциите од новата емисија со претворање на своето побарување во траен влог во друштвата.

(2) Претворањето на побарувањето во траен влог во друштвата по основ на сите јавни давачки, освен на придонесите за пензиско и инвалидско осигурување се врши на начин што правото на парично побарување на Република Македонија по основ и висина определени согласно со овој закон се пребива со правото на друштвото да побарува уплата на паричниот влог кој Република Македонија требало да го уплати за преземените акции, кои се по износ еднакви.

(3) Претворањето на побарувањето во траен влог во друштвата по однос на придонесите за пензиско и инвалидско осигурување се врши со уплата на долгуваниот износ на друштвото во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија од страна на Владата на Република Македонија, а за уплатениот износ Владата го презема побарувањето спрема друштвото и истото го претвора во траен влог, за што добива соодветен број на акции од новата емисија.

(4) Сите други државни органи и институции чии побарувања се претвораат во траен влог во друштвото, своите побарувања ги пренесуваат на Владата на Република Македонија без надоместок.

Член 8

По уписот на зголемената основна главнина на друштвата во трговскиот регистар и запишување на Република Македонија како сопственик на акциите во Централниот депозитар на хартии од вредност, престанува паричната обврска на друштвата и правните лица кои се капитално поврзани со друштвата по основ на главен долг, камата и други споредни побарувања на главниот долг, согласно со членот 4 од овој закон.

Член 9

(1) Во постапувањето по овој закон соодветно се применуваат одредбите од Законот за хартии од вредност и Законот за трговските друштва, со исклучок на одредбите од членовите 186 став 3 и 322 ставови 3 и 4 од Законот за трговските друштва, доколку со овој закон поинаку не е определено.

(2) Претворањето на побарувањата на Република Македонија во траен влог во друштвата заради приватизација на државниот капитал не може да биде на штета на побарувањата на трети лица кои тие ги имаат спрема друштвата од членот 1 од овој закон или капитално поврзаните друштва со нив, по која било правна основа.

Член 10

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

---

**L I GJ**
**PËR SHNDERRIMIN E KERKESAVE TË REPUBLIKES SË MAQEDONISE NË BAZE TË DETYRIMEVE PUBLIKE NË DEPOZITE TË PERHERSHME NË SHOQERITE SHA INDUSTRIA KIMIKE ORGANIKE "NAUM NAUMOVSKI - BORCE" SHKUP, KOMBINATI I DUHANIT SHA PRILEP DHE SHOQERINE PËR PRODHIMIN E PRODHIMEVE ME DEDIKIM TË VECANTE "11 OKTOMVRI EUROKOMPOZITI" SHA PRILEP**

Neni 1

Me kete ligj rregullohen menyra dhe procedura për shnderrimin e kerkeses së Republikes së Maqedonise në baze të detyrimeve publike në depozite të perhershme në shoqerite SHA Industria Kimike Organike "Naum Naumovski - Borce" Shkup, Kombinati i Duhanit SHA Prilep dhe Shoqerine për prodhimin e prodhimeve me dedikim të vecante "11 Oktomvri Eurokompoziti" SHA Prilep (në tekstin e metejme: shoqerite), për privatizimin e kapitalit shteteror në keto shoqeri.

Neni 2

(1) Në procedure për shnderrimin e kerkeses së Republikes së Maqedonise në depozite të perhershme perfshihen edhe obligimet në baze të detyrimeve publike edhe të personave juridike që jane të lidhur në menyre kapitale me shoqerite nga neni 1 i ketij ligji (shoqeri me pergjegjesi të kufizuar dhe shoqeri me pergjegjesi të kufizuar të themeluara nga një person).

(2) Në procedura për shnderrimin e kerkesave të shoqerive nga neni 1 i ketij ligji në depozite të perhershme në personat juridike që jane të lidhur në menyre kapitale me to, e kerkesa që dalin nga marrja e borxheve në baze të detyrimeve publike, në menyre perkatese zbatohen dispozitat e ketij ligji.

Neni 3

Në proceduren e shnderrimit të kerkeses në depozite të perhershme, shoqerite nga neni 1 i ketij ligji lidhin marreveshje për marrjen e borxheve të shoqerive të lidhura në menyre kapitale në baze të detyrimeve publike ndaj Republikes së Maqedonise, me ç'rast procedura e shnderrimit të kerkeses në depozite të perhershme zbatohet te shoqerite nga neni 1 i ketij ligji.

Neni 4

(1) Kerkesat e Republikes së Maqedonise në baze të detyrimeve publike ndaj shoqerive sipas ketij ligji, jane kerkesa në baze të tatimeve, akcizave, detyrimeve doganore, kontributeve për sigurimin e detyrueshem social si dhe detyrimeve tjera të percaktuara me ligj si detyrime publike, si dhe kamatat dhe obligimet tjera dytesore të krijuara në baze të detyrimeve publike te shoqerite dhe personat juridike që jane të lidhur në menyre kapitale me shoqerite deri në diten e hyrjes në fuqi të ketij ligji.

(2) Kamatat dhe kerkesat tjera dytesore të borxhit kryesor nga paragrafi (1) i ketij neni llogariten në pajtim me ligjin, deri në diten e hyrjes në fuqi të ketij ligji.

(3) Lartesine e borxhit kryesor dhe kamatave dhe kerkesave dytesore të borxhit kryesor nga paragrafet (1) dhe (2) të ketij neni, me procesverbal e percaktojne perfaqesues të organit të administrates shteterore ose organit tjeter kompetent ose institucionit që mban evidence për percaktimin dhe arketimin e detyrimit publik dhe perfaqesues të shoqerise.

Neni 5

Pas percaktimit të lartesise së borxhit kryesor dhe kamatave si dhe kerkesave tjera dytesore të borxhit kryesor nga subjektet e nenit 4 paragrafi (3) të ketij ligji, Qeveria e Republikes së Maqedonise nepermjet organeve udheheqese të shoqerive, propozon konvokimin e kuvendit të aksionareve në të cilin vendoset për rritjen e kryegjese baze të shoqerive në lartesi të kerkeses së Republikes së Maqedonise të percaktuar në pajtim me nenin 4 të ketij ligji.

Neni 6

(1) Procedura për emetimin e aksioneve nga shoqerite kryhet në pajtim me dispozitat e Ligjit për letra me vlere, pervec nese me kete ligj nuk eshte percaktuar ndryshe.

(2) Shoqerite aksionet i emetojne me vlere nominale.

(3) Oferte private e letrave me vlere sipas ketij ligji, eshte oferta për regjistrimin e letrave me vlere në baze të shnderrimit të kerkeses në depozite të perhershme, që eshte e dedikuar për Republiken e Maqedonise.

(4) Gjate emetimit të aksioneve, në pajtim me kete ligj, në rast kur Qeveria e Republikes së Maqedonise paraqitet si bleres i njohur, nuk zbatohet ndalimi që aksionaret ekzistues të paraqiten si bleres të njohur.

Neni 7

(1) Qeveria e Republikes së Maqedonise i merr aksionet nga emisioni i ri me shnderrimin e kerkeses së vet në depozite të perhershme në shoqeri.

(2) Shnderrimi i kerkeses në depozite të perhershme në shoqeri në baze të të gjitha detyrimeve publike pervec kontributeve për sigurim pensional dhe invalidor, kryhet në menyre që e drejta e kerkeses në para e Republikes së Maqedonise në baze dhe lartesi të caktuara në pajtim me kete ligj, permbushet me të drejten e shoqerise që të kerkoje pagese të depozites në para që Republika e Maqedonise duhej ta paguante për aksionet e marra, të cilat jane me shume të barabarta.

(3) Shnderrimi i kerkeses në depozite të perhershme në shoqeri lidhur me kontributet për sigurim pensional dhe invalidor, kryhet me pagese të shumes së borxhit të shoqerise në Fondin për Sigurim Pensional dhe Invalidor të Maqedonise nga Qeveria e Republikes së Maqedonise, e për shumen e paguar Qeveria e merr kerkesen ndaj shoqerise dhe të njejten e shnderron në depozite të perhershme, për cfare merr numer perkates të aksioneve nga emisioni i ri.

(4) Të gjitha organet dhe institucionet tjera shteterore kerkesat e të cilave shnderrohen në depozite të perhershme në shoqeri, kerkesat e veta i bartin në Qeverine e Republikes së Maqedonise pa kompensim.

Neni 8

Pas regjistrimit të kryegjese baze të zmadhuar të shoqerive në regjistrin tregtar dhe regjistrimin e Republikes së Maqedonise si pronar i aksioneve në Depozitarin qendror të letrave me vlere, nderpritet obligimi në para i shoqerive dhe personave juridike që jane të lidhur në menyre kapitale me shoqerite në baze të borxhit kryesor, kamates dhe kerkesave tjera dytesore të borxhit kryesor, në pajtim me nenin 4 të ketij ligji.

Neni 9

(1) Në procedimin sipas ketij ligji në menyre perkatese zbatohen dispozitat e Ligjit për letra me vlere dhe Ligjit për shoqeri tregtare, me perjashtim të dispozitave nga nenet 186 paragrafi 3 dhe 322 paragrafet 3 dhe 4 të Ligjit për shoqeri tregtare, nese me kete ligj nuk eshte percaktuar ndryshe.

(2) Shnderrimi i kerkesave të Republikes së Maqedonise në depozite të perhershme në shoqeri për shkak të privatizimit të kapitalit shteteror, nuk mund të behet në dëm të kerkesave të personave të trete që ata i kane ndaj shoqerive nga neni 1 i ketij ligji ose shoqerive të lidhura në menyre kapitale me to, në cfaredo baze juridike.

Neni 10

Ky ligj hyn në fuqi në diten e botimit në "Gazeten Zyrtare të Republikes së Maqedonise".

---

**2000.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ШУМАРСКА И ЛОВНА ИНСПЕКЦИЈА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за шумарска и ловна инспекција,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 11 јуни 2012 година.

Бр. 07- 2676/1
11 јуни 2012 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ШУМАРСКА И ЛОВНА ИНСПЕКЦИЈА

Член 1

Во Законот за шумарска и ловна инспекција ("Службен весник на Република Македонија" број 88/2008, 6/10 и 36/11), во членот 8-а ставовите (2) и (3) се менуваат и гласат:

„(2) Помлад инспектор може да биде службеник кој ги исполнува условите за звањето помлад соработник и соработник од Законот за државните службеници.

(3) Инспектор може да биде службеник кој ги исполнува условите за звањето виш соработник и советник од Законот за државните службеници."

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

---

## L I GJ
## PËR NDRYSHIMIN E LIGJIT PËR INSPEKSIONIN E PYJEVE DHE GJUETISE

Neni 1

Në Ligjin për inspeksionin e pyjeve dhe gjuetise ("Gazeta Zyrtare e Republikes së Maqedonise" numer 88/2008, 6/10 dhe 36/11), në nenin 8-a paragrafet (2) dhe (3) ndryshohen, si vijojne:

"(2) Inspektor i ri mund të jete nepunesi që i ploteson kushtet për titullin bashkepunetor i ri dhe bashkepunetor nga Ligji për nepunes shteterore.

(3) Inspektor mund të jete nepunesi që i ploteson kushtet për titullin bashkepunetor i larte dhe keshilltar nga Ligji për nepunes shteterore."

Neni 2

Ky ligj hyn në fuqi në diten e tete nga dita e botimit në "Gazeten Zyrtare të Republikes së Maqedonise".

---

**2001.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОГОВОРЕН ЗАЛОГ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за договорен залог,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 11 јуни 2012 година.

Бр. 07- 2677/1
11 јуни 2012 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

# З А К О Н
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОГОВОРЕН ЗАЛОГ

Член 1

Во Законот за договорен залог ("Службен весник на Република Македонија" број 5/2003, 4/2005, 87/2007 и 51/11), во членот 23 став 1 алинеја 3 по запирката се додаваат зборовите: "вклучувајќи ја и вредноста на предметот на залог".

По ставот 2 се додаваат два нови става 3 и 4, кои гласат:

"Во договорите за залог се утврдува максималниот износ на побарувањето кое се обезбедува со предметот на залог. Делот на побарувањето во износ поголем од договорениот максимален износ ќе се смета како необезбедено побарување. Ако договорните страни се согласат да се зголеми износот на побарувањата кои се обезбедуваат со предметот на залог, зголемувањето ќе се третира како нов договор за залог кој треба да биде регистриран во согласност со барањата пропишани во овој закон.

Заложното право (предмет на залог) се заснова врз сите средства на должникот вклучувајќи ги и идните средства кои ќе ги стекне должникот, доколку не е јасно наведено дека договорните страни се обврзуваат како предмет на залог, односно заложното право да се заснова врз дел од средствата со кои располага должникот во моментот на склучување на договорот за залог."

Член 2

Во членот 52 став 1 по зборот "образец" се додаваат зборовите: "во писмена или електронска форма согласно со прописите кои се однесуваат на податоците во електронски облик и електронски потпис".

Во ставот 2 алинеја 6 по зборот "идентификува" се става запирка и се додаваат зборовите: "вклучувајќи ја и вредноста на предметот на залогот".

Член 3

Во членот 55 став 1 по зборот "исправа" се додаваат зборовите: "во писмена или електронска форма согласно со прописите кои се однесуваат на податоците во електронски облик и електронски потпис".

Член 4

Во членот 56 став 1 по зборот "барање" се додаваат зборовите: "во писмена форма".

По ставот 2 се додаваат два нови става 3 и 4, кои гласат:

"Барањето доставено во електронска форма добива број под кој се заведува во Заложниот регистар со денот и часот на приемот.

Барањето од ставот 3 на овој член веднаш по приемот се снима и се чува како електронски запис во базата на податоци во Централниот регистар на Република Македонија."

Член 5

Во членот 57 став 1 зборот "три" се заменува со зборот "пет".

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

# L I GJ
# PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTESIMIN E LIGJIT PËR PENG KONTRAKTUES

Neni 1

Në Ligjin për peng kontraktues ("Gazeta Zyrtare e Republikes së Maqedonise" numer 5/2003, 4/2005, 87/2007 dhe 51/11), në nenin 23 paragrafi 1 alineja 3 pas presjes shtohen fjalet: "duke e perfshire edhe vleren e lendes së pengut".

Pas paragrafit 2 shtohen dy paragrafe të rinj 3 dhe 4, si vijojne:

"Në marreveshjet për peng percaktohet shuma maksimale e kerkeses që sigurohet me lenden e pengut. Pjesa e kerkeses në shume më të madhe se shuma e kontraktuar maksimale do të konsiderohet si kerkese e pasiguruar. Nese palet kontraktuese pajtohen që të zmadhohet shuma e kerkesave që sigurohen me lenden e pengut, zmadhimi do të trajtohet si marreveshje e re për peng që duhet të regjistrohet në pajtim me kerkesat e percaktuara në kete ligj.

E drejta e pengut (lenda e pengut) bazohet në të gjitha mjetet e debitorit duke i perfshire edhe mjetet e ardhshme që do t'i fitoje debitori, nese nuk eshte theksuar qarte se palet kontraktuese detyrohen që si lende e pengut, perkatesisht e drejta e pengut të bazohet mbi një pjese të mjeteve me të cilat disponon debitori në momentin e lidhjes së marreveshjes për peng."

Neni 2

Në nenin 52 paragrafi 1 pas fjales "formular" shtohen fjalet: "me shkrim ose në forme elektronike në pajtim me rregullat që kane të bejne me të dhenat në forme elektronike dhe nenshkrim elektronik".

Në paragrafin 2 alineja 6 pas fjales "identifikohet" vihet presje dhe shtohen fjalet: "duke e perfshire edhe vleren e lendes së pengut".

Neni 3

Në nenin 55 paragrafi 1 pas fjales "dokument" shtohen fjalet: "me shkrim ose në forme elektronike në pajtim me rregullat që kane të bejne me të dhenat në forme elektronike dhe nenshkrim elektronik".

Neni 4

Në nenin 56 paragrafi 1 pas fjales "kerkese" shtohen fjalet: "me shkrim".

Pas paragrafit 2 shtohen dy paragrafe të rinj 3 dhe 4, si vijojne:

"Kerkesa e dorezuar në forme elektronike, merr numer me të cilin evidentohet në Regjistrin e pengut me diten dhe oren e pranimit.

Kerkesa nga paragrafi 3 i ketij neni, menjehere pas pranimit incizohet dhe ruhet si shkrese elektronike në bazen e të dhenave në Regjistrin Qendror të Republikes së Maqedonise."

Neni 5

Në nenin 57 paragrafi 1 fjala "tri" zevendesohet me fjalen "pese".

Neni 6

Ky ligj hyn në fuqi në diten e tete nga dita e botimit në "Gazeten Zyrtare të Republikes së Maqedonise".

**2002.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВНИТЕ НАГРАДИ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за државните награди,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 11 јуни 2012 година.

Бр. 07- 2678/1
11 јуни 2012 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВНИТЕ НАГРАДИ**

Член 1

Во Законот за државните награди („Службен весник на Република Македонија“ број 52/2006 и 54/2007), во членот 3 по датата “23 Октомври“ во нов ред се додава датата “8 Септември“.

Член 2

По членот 4-а се додаваат два нови члена 4-б и 4-в, кои гласат:

„Член 4-б

Со наградата “8 Септември“ се оддава признание на спортисти, тренери и спортски работници за остварувања во областа на спортот.

Во една година можат да се доделат најмногу до пет награди, од кои една награда ќе биде за животно дело за исклучителен придонес во развојот на спортот, афирмацијата и промоцијата на Република Македонија на меѓународен план.

Член 4-в

Со награда за животно дело за исклучителен придонес во развојот на спортот, афирмацијата и промоцијата на Република Македонија на меѓународен план се оддава признание на тренери (селектори и тренери) и спортски работници, заради промовирање на Република Македонија во светот со остварени високи спортски резултати во меѓународниот спорт со кои се дава исклучителен придонес за развој на спортот во Република Македонија.

Иницијативата за доделување на наградата од став 1 на овој член, ја доставува матичната национална спортска федерација, поддржана од најмалку десет национални спортски федерации.“

Член 3

Во членот 5 став 1 зборот “спортот“ се брише.

Член 4

Во членот 17 по ставот 2 се додаваат два нови става 3 и 4, кои гласат:

“Паричниот износ на наградата “8 Септември“ е десет просечни плати во Републиката исплатени во последните три месеци на тековната година.

Паричниот износ на наградата “8 Септември“ за животно дело е доживотна месечна исплата на една просечна плата исплатена во последните три месеци на тековната година.“

Ставовите 3, 4 и 5 стануваат ставови 5, 6 и 7.

Член 5

Во членот 18 по алинејата 2 се додава нова алинеја 3, која гласи:

“- наградата “8 Септември“ на 8 Септември - Денот на независноста на Република Македонија“.

Член 6

Во членот 19 по алинејата 1 се додава нова алинеја 2, која гласи:

“- за наградата “8 Септември“ Агенцијата за млади и спорт“.

Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на неговото објавување во “Службен весник на Република Македонија“.

---

**L I GJ**
**PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTESIMIN E LIGJIT PËR CMIME SHTETERORE**

Neni 1

Në Ligjin për cmime shteterore ("Gazeta Zyrtare e Republikes së Maqedonise” numer 52/2006 dhe 54/2007) në nenin 3 pas dares “23 Tetori” në resht të ri shtohet data “8 Shtatori”.

Neni 2

Pas nenit 4-a shtohen dy nene të reja 4 – b dhe 4 – v, si vijojne:

"Neni 4 - b

Me cmimin “8 Shtatori" u jepet mirenjohje sportisteve, trajnereve dhe punetoreve të sportit për realizim në sferen e sportit.

Në një vit mund të ndahen me se shumti deri në pese cmime, nga të cilat njeri cmim do të jete për veper jetesore për kontribut të jashtezakonshem në zhvillimin e sportit, afirmimin dhe promovimin e Republikes së Maqedonise në planin nderkombetar.

Neni 4 - v

Me cmimin për veper jetesore për kontribut të jashtezakonshem në zhvillimin e sportit, afirmimin dhe promovimin e Republikes së Maqedonise në planin nderkombetar u jepet mirenjohje trajnereve (selektoreve dhe trajnereve) dhe punetoreve të sportit, për promovimin e Republikes së Maqedonise në bote me rezultate sportive me realizim të larte në sportin nderkombetar me të cilat jepet kontribut i jashtezakonshem për zhvillimin e sportit në Republiken e Maqedonise.

Iniciativen për ndarjen e cmimit nga paragrafi 1 i ketij neni, e dergon federata amë kombetare dhe sportive, e perkrahur së paku nga dhjete federata kombetare sportive."

Neni 3

Në nenin 5 paragrafi 1 fjala “sport” shlyhet.

Neni 4

Në nenin 17 pas paragrafit 2 shtohen dy paragrafe të rinj 3 dhe 4 si vijojne:

“Shuma në para e cmimit “8 Shtatori" eshte dhjete rroga mesatare në Republike të paguara në tre muajt e fundit të vitit rrjedhes.

Shuma në para e cmimit “8 Shtatori” për veper jetesore eshte pagese mujore e perhershme e një rroge mesatare të paguar në tre muajt e fundit të vitit rrjedhes.”

Paragrafet 3, 4 dhe 5 behen paragrafe 5, 6 dhe 7.

Neni 5

Në nenin 18 pas alinese 2 shtohet alineja e re 3, si vijon:

“-cmimi “8 Shtatori” më 8 Shtator – Dita e pavaresise së Republikes së Maqedonise.

Neni 6

Në nenin 19 pas alinese 1 shtohet alineja e re 2, si vijon:

“- për cmimin “8 Shtatori” Agjencia e Rinise dhe Sportit”.

Neni 7

Ky ligj hyn në fuqi në diten e tete nga dita e botimit në "Gazeten Zyrtare të Republikes së Maqedonise”.

---

**2003.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за катастар на недвижности,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 11 јуни 2012 година.

Бр. 07- 2679/1
11 јуни 2012 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ**

Член 1

Во Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ број 40/2008, 158/10, 17/11 и 51/11), во членот 2 точката 4 се менува и гласи:

“„Службено лице“ е лице кое врши запишување на правата на недвижностите при востановување и одржување на катастарот на недвижностите, спроведува промени во катастарот на недвижностите, изготвува и издава податоци од Геодетско-катастарскиот информационен систем;“.

Член 2

Насловот пред членот 5 и членот 5 се менуваат и гласат:

„Меѓународна соработка, консултантски услуги и обуки

Член 5

(1) Агенцијата за катастар на недвижности (во натамошниот текст: Агенцијата) соработува со надлежните органи или институции на други земји од областа на геодезијата, правото, катастарот на недвижности и информатички работи со цел за унапредување и технички развој на Геодетско-катастарскиот информационен систем.

(2) Агенцијата може да врши консултантски услуги и да спроведува обуки во земјата и во странство за работи од областа на востановувањето и одржувањето на катастарот на недвижностите и за геодетски и информатички работи заради формирање, управување, унапредување и технички развој на Геодетско-катастарскиот информационен систем.

(3) Консултантските услуги и обуките од ставот (2) на овој член се спроведуваат од страна на стручни лица вработени во Агенцијата, како и со ангажирање на надворешни домашни и странски физички и правни стручни лица, за што треба да склучат договор со Агенцијата.

(4) Приходите кои се остваруваат од консултантските услуги и обуките од ставот (2) на овој член се уплатуваат на посебна самофинансирачка сметка на Агенцијата.

(5) До две третини од приходите од ставот (4) на овој член се користат за исплата на надворешни странски физички и правни стручни лица за консултантски услуги и обуки спроведени од нивна страна, а остатокот од остварените приходи од ставот (4) на овој член се користат за осовременување, унапредување на работата и опремување на Агенцијата.“

Член 3

Во членот 11 став (1) по алинејата 8 се додаваат две нови алинеи 9 и 10, кои гласат:

„- донесува акт со кој го пропишува начинот на остварувањето на соработката, спроведувањето на консултантските услуги и обуките, како и начинот на распределбата и користењето на приходите од членот 5 од овој закон,

- одлучува како второстепен орган по приговорите на помошните работници за правата, обврските и одговорностите од работен однос,“.

Член 4

Во членот 15 став (1) алинејата 1 се менува и гласи:

„- ја претставува и застапува Агенцијата пред надлежните органи, освен пред надлежните судови, пред кои ја застапува Државниот правобранител на Република Македонија,“.

По алинејата 9 се додаваат две нови алинеи 10 и 11, кои гласат:

„- предлага и го извршува актот со кој се пропишува начинот на остварување на соработката, спроведувањето на консултантските услуги и обуките, како и начинот на распределбата и користењето на приходите од членот 5 од овој закон,

- го потпишува договорот од членот 5 став (3) од овој закон,“.

Член 5

Во членот 17 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Работата на секторите која се однесува на катастарот на недвижности за катастарските општини во Скопската котлина, ја координира Центарот за катастар на недвижности Скопје.“

Член 6

Во насловот пред членот 19 зборовите: „и ревизија“ се бришат.

Член 7

Во членот 23 ставот (1) се менува и гласи:

„На државните службеници во Агенцијата со завршено геодетско образование, на државните службеници кои ги вршат работите од членот 192 од овој закон, како и на државните службеници кои вршат контрола на востановувањето и одржувањето на катастарот на недвижностите, заради специфичната природа на работните задачи и посебностите на извршувањето на посебните должности и овластувања, основната плата и додатокот на плата за звање им се зголемува за 5%.“

Член 8

Во членот 29 став (4) по сврзникот „и“ се додава сврзникот „ /или“.

Член 9

Во членот 34 по ставот (3) се додаваат четири нови става (4), (5), (6) и (7), кои гласат:

„(4) Податоците од ГКИС може да се издаваат во писмена или во електронска форма.

(5) Дистрибуција на податоците од ГКИС, Агенцијата може да врши и преку други државни органи, јавни служби и други правни лица.

(6) Субјектите од ставот (5) на овој член податоците од ГКИС ги добиваат во електронска форма потпишана од Агенцијата, со валиден сертификат издаден од овластен издавач, а ги дистрибуираат до крајните корисници во писмена форма заверена со сопствен потпис и печат и истите се јавни исправи.

(7) Начинот на дистрибуција на податоците преку субјектите од ставот (5) на овој член се уредува со посебен договор кој го склучува директорот на Агенцијата со субјектите.“

Член 10

Во членот 57 по зборот „премерот“ се става запирка и се додаваат зборовите: „како и начинот на менување на границите на катастарските општини во кои е востановен катастар на недвижности“.

Член 11

Во членот 73 по ставот (5) се додава нов став (6), кој гласи:

„(6) Трговците поединци овластени геодети и трговските друштва за геодетски работи вршат прием на странки и издаваат податоци од извршените геодетски работи во просториите на нивното седиште.“

Член 12

Членот 76 се менува и гласи:

„(1) Геодетските работи од членот 73 ставови (1), (2) и (3) од овој закон може да ги врши и странско правно лице регистрирано за вршење на геодетски работи во држава членка на Европската унија, доколку ги исполнува условите од членот 75 алинеи 2, 3 и 4 од овој закон и геодетските работи ги извршува согласно со законите и другите прописи на Република Македонија од областа на геодетските работи и притоа ја известува Агенцијата за намерата да врши геодетски работи во Република Македонија.

(2) Странски геодетски инженер со овластување од друга држава може да врши геодетски работи на територијата на Република Македонија под услови на реципроцитет доколку геодетските работи ги извршува согласно со законите и другите прописи на Република Македонија од областа на геодетските работи и овластувањето за вршење геодетски работи го пријавил во Комората на овластени геодети (во натамошниот текст: Комората).

(3) Странски геодетски инженер од држава членка на Европската унија, може да врши геодетски работи на територијата на Република Македонија доколку геодетските работи ги извршува согласно со законите и другите прописи на Република Македонија од областа на геодетските работи и овластувањето за вршење геодетски работи го пријавил во Комората.“

Член 13

Во членот 78 став (1) алинејата 2 се менува и гласи:

„- да има стекнати најмалку 300 кредити според Европскиот кредит - трансфер систем (ЕКТС) од областа на геодезијата или завршен VII/1 степен Градежен факултет - студии по геодезија, со најмалку три години работно искуство на геодетски работи,“.

Член 14

Членот 79 се менува и гласи:

„(1) Овластувањето за овластен геодет се издава за период од пет години.

(2) Овластувањето за овластен геодет се продолжува на секои пет години.

(3) За продолжување на овластувањето за овластен геодет имателот на овластувањето шест месеци пред истекот на рокот за важење на издаденото овластување до Комората поднесува барање. Кон барањето имателот на овластувањето приложува и сертификат издаден од Комората дека во текот на петте години посетувал по 20 часа годишно континуирана едукација од областа на геодетските работи.

(4) Решението на Комората со кое не се продолжува овластувањето за овластен геодет е конечно и извршно, а против истото дозволена е тужба пред управен суд во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.“

Член 15

По членот 79 се додава нов наслов и нов член 79-а, кои гласат:

„ Должности на овластениот геодет

Член 79-а

Овластениот геодет е должен:

- геодетските работи да ги врши согласно со одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на него, како и согласно со правилата и стандардите на геодетската струка,

- секој геодетски елаборат изготвен во писмена форма своерачно да го потпишува и на него да става свој печат, а геодетскиот елаборат изготвен во електронска форма да го потпишува со валиден сертификат издаден од овластен издавач,

- да ги користи податоците од катастарот на недвижностите и да ги користи само за намената за која се издадени,

- да наплаќа надоместок за извршените геодетски работи согласно со овој закон и тарифникот од членот 94 од овој закон,

- да врши прием на странки и да издава податоци од извршените геодетски работи само во седиштето на трговецот поединец овластен геодет, односно трговското друштво за геодетски работи,

- да поднесува барање за продолжување на овластувањето во рокот утврден во членот 79 став (3) од овој закон,

- да посетува континуирана едукација од областа на геодетските работи по 20 часа годишно и

- да плаќа годишна членарина на Комората во висина утврдена со Статутот на Комората.“

Член 16

Членот 81 се менува и гласи:

„(1) Овластувањето за овластен геодет се одзема, ако:

- овластениот геодет во извршувањето на геодетските работи не постапува согласно со овој закон и прописите донесени врз основа на него, како и согласно со правилата и стандардите на геодетската струка,

- изготвените геодетски елаборати во писмена форма своерачно не ги потпишува и на нив не става свој печат, а геодетските елаборати изготвени во електронска форма не ги потпишува со валиден сертификат издаден од овластен издавач,

- не ги користи податоците од катастарот на недвижностите и не ги користи само за намената за која се издадени,

- наплаќа надоместок за извршените геодетски работи кој не е во согласност со овој закон и тарифникот од членот 94 од овој закон,

- му е изречена мерка забрана за вршење професија, дејност или должност,

- овластениот геодет делумно ја изгуби деловната способност,

- овластениот геодет во рокот определен во членот 79 став (3) од овој закон не поднесе барање за продолжување на овластувањето за овластен геодет,

- не посетува континуирана едукација од областа на геодетските работи по 20 часа годишно и

- не плаќа годишна членарина на Комората во висина утврдена со Статутот на Комората.

(2) Овластувањето за овластен геодет од ставот (1) на овој член го одзема Комората со решение.

(3) Решението од ставот (2) на овој член е конечно и извршно, а незадоволната странка може да поднесе тужба пред управен суд.

(4) Одземањето на овластувањето се запишува во Именикот на овластени геодети што се води во Комората, а Комората е должна за промената во Именикот веднаш да ја извести Агенцијата.“

Член 17

Членот 82 се брише.

Член 18

Во членот 83 став (1) по зборовите: „алинеја 1“ се става запирка и се додаваат броевите „2, 3 и 4“.

Член 19

Во насловот пред членот 84 зборовите: „прекршочна санкција“ се заменуваат со зборовите: „мерка забрана за вршење професија, дејност или должност“.

Член 20

Во членот 84 броевите „2 и 3“ се заменуваат со броевите „5 и 6“, а зборовите: „прекршочна санкција“ се заменуваат со зборовите: „мерка забрана за вршење професија, дејност или должност“.

Член 21

Во насловот пред членот 85 по зборовите: „овластен геодет“ се става запирка и се додаваат зборовите: „не посетување континуирана едукација од областа на геодетските работи и неплаќање годишна членарина“.

Член 22

Во членот 85 ставови (1) и (2) зборовите: „алинеја 4“ се заменуваат со зборовите: „алинеи 7, 8 и 9“.

Член 23

Членот 86 се менува и гласи:

„Начинот на вршење на геодетските работи за посебни намени, како и формата и содржината на геодетските елаборати за извршените геодетски работи за посебни намени, начинот на стекнување, продолжување и одземање на овластувањето за овластен геодет, формата и содржината на образецот на овластувањето за овластен геодет, како и формата и начинот на водење на Именикот на овластени геодети и Регистарот на печати на овластени геодети ги пропишува Управниот одбор на Агенцијата.“

Член 24

По членот 89 се додава нов наслов и нов член 89-а, кои гласат:

„Издавање и одземање печат на овластен геодет

Член 89-а

(1) На овластениот геодет вработен кај трговец поединец овластен геодет или во трговско друштво за геодетски работи, Управниот одбор на Комората му издава печат на овластен геодет.

(2) За издадените печати од ставот (1) на овој член Управниот одбор на Комората води Регистар на печати на овластени геодети.

(3) Во случај на одземање на овластувањето од членот 81 од овој закон, Управниот одбор на Комората го одзема печатот на овластениот геодет.

(4) Одземањето на печатот се запишува во Регистарот од ставот (2) на овој член, а Комората е должна веднаш да ја извести Агенцијата за промената.“

Член 25

Во членот 91 ставот (3) се менува и гласи:

„Секој геодетски елаборат изготвен во писмена форма треба да биде своерачно потпишан од овластениот геодет, да содржи печат од овластениот геодет и да биде заверен од трговецот поединец овластен геодет или трговското друштво за геодетски работи. Геодетскиот елаборат изготвен во електронска форма се потпишува од овластениот геодет со валиден сертификат издаден од овластен издавач.“

Член 26

Во членот 96 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Овластените геодети од ставот (1) на овој член плаќаат годишна членарина на Комората во висина утврдена со Статутот на Комората.“

Ставовите (2), (3) и (4) стануваат ставови (3), (4) и (5).

Член 27

Во членот 97 став (2) зборовите: „на постапката за потврдување на овластување на странски геодетски инженер“ се заменуваат со зборовите: „на начинот за издавање и одземање на печат на овластен геодет“.

Ставот (4) се менува и гласи:

“Ако Комората не ги отстрани недостатоците од ставот (3) алинеја 1 на овој член, јавните овластувања и се одземаат или ограничуваат најмногу до една година, со решение на директорот на Агенцијата.“

По ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

„(5) Решението од ставот (4) на овој член е конечно и извршно, а против истото дозволена е тужба пред управен суд во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.“

Член 28

Во членот 100 став (1) по алинејата 6 се додава нова алинеја 7, која гласи:

„- формира комисија за спроведување дисциплинска постапка за утврдување на одговорност на членовите на Комората пропишана со Статутот на Комората.“

Член 29

Во членот 101 став (2) алинејата 6 се менува и гласи:

„- води Именик на овластени геодети и Регистар на печати на овластени геодети,“.

Член 30

Во членот 109 ставот 3 се менува и гласи:

„Збирката на исправи се чува во електронска и/или писмена форма како архивска граѓа од трајна вредност, согласно со прописите за архивско работење.“

Член 31

Во членот 115 зборовите: „државен службеник“ се заменуваат со зборовите: „службеното лице“.

Член 32

Во членот 118 ставовите (3), (4) и (5) се бришат.

Член 33

Членот 119 се брише.

Член 34

Во членот 120 став (2) алинеја 3 по запирката се додаваат зборовите: „со нивните адресни податоци, како и податоци за ЕМБГ, односно ЕМБС“.

Член 35

Во членот 122 во вториот ред по зборот „план“ се става точка, а зборовите до крајот на реченицата се бришат.

Член 36

Членот 126 се менува и гласи:

„Во катастарот на недвижностите се запишува правото на сопственост, подобliците на правото на сопственост (сосопственост и заедничка сопственост), другите стварни права (право на службеност, право на залог (хипотека), право на реален товар и право на стварноправен долготраен закуп на градежно земјиште), право на лизинг, право на фидуцијарна сопственост, концесии на недвижности, закуп на земјоделско земјиште, како и други права и факти чие запишување е утврдено со закон.“

Член 37

Во членот 136 по ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

„(5) Во случај на зголемен обем на поднесени пријави од ист подносител, Агенцијата може со подносителот на пријавите да склучи договор со кој го уредува начинот на плаќањето.“

Член 38

Членот 147 се менува и гласи:

„Кога разликите на површините на катастарските парцели се поголеми од дозволените отстапувања утврдени во членот 146 од овој закон, за катастарските парцели се преземаат податоците прибрани со премерот споредени со состојбата на катастарскиот план од катастарот на земјиште и со приложените правни основи, а податоците по однос на носителите на правото и видот на правото се преземаат од правните основи, односно од катастарот на земјиште.“

Член 39

Во членот 166 ставот (2) се брише.

Ставот (3) станува став (2).

Член 40

Во членот 168 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Кога пријавата за запишување на промена се поднесува во електронска форма и прилозите од ставот (1) на овој член се приложуваат во електронска форма, потпишани со валиден сертификат издаден од овластен издавач.“

Член 41

Во членот 173 ставот (1) се менува и гласи:

„(е) Кога извршниот директор има право да гласа со бројот на гласовите доделени на членката според членот XII оддел 3 (и) (3), советникот назначен од страна на групата чии членки го избрале таквиот извршен директор ќе има право да гласа со бројот на гласовите доделени на таквата членка. Се смета дека членката учествувала во назначувањето на советникот кој има право да гласа со бројот на гласовите доделени на таа членка.“

13. Прилогот Е се менува и гласи:

„Преодни одредби во врска со извршните директори

1. По влегувањето во сила на овој прилог:

(а) Секој извршен директор кој е назначен според претходниот член XII оддели 3 (б) (1) или 3 (ц) и кој бил на функција веднаш пред влегувањето во сила на овој прилог, се смета дека е избран од членката која го назначила и

(б) Секој извршен директор кој гласа со бројот на гласовите на членката според претходниот член XII оддел 3 (и) (2) веднаш пред влегувањето во сила на овој прилог, се смета дека е избран од таквата членка.“

14. Во Прилогот Л став 1 (б) се менува и гласи:

„(б) да назначува гувернер или заменик гувернер, да назначува или да учествува во назначувањето на советник или заменик советник, или да избира или учествува во изборот на извршен директор.“

15. Во Прилогот Л воведниот дел во ставот 3 (ц) се менува и гласи:

„(ц) На извршниот директор избран од страна на членката, или во чиј избор учествувала членката, му престанува мандатот, освен доколку таквиот извршен директор имал право да гласа со бројот на гласовите доделени на другите членки чие право на глас не е суспендирано. Во вториот случај:“.

# L I GJ
# PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTESIMIN E LIGJIT PËR TRASHEGIMI JURIDIKE TË REPUBLIKES SË MAQEDONISE TË ANETARESIMIT NË FONDIN MONETAR NDERKOMBETAR

Neni 1

Me Ligjin për trashegimi juridike të Republikes së Maqedonise të anetaresimit në Fondin Monetar Nderkombetar (“Gazeta Zyrtare e Republikes së Maqedonise” numer 23/93, 52/2009 dhe 118/10), neni 2 ndryshohet si vijon:

“Në territorin e Republikes së Maqedonise vlejne dispozitat e Statutit të Fondit me ndryshimet dhe plotesimet nga 28 korriku 1969, 1 prilli 1978, 11 nentori 1992 dhe 23 shtatori 1997 të hyra në fuqi më 10 gusht 2009, 28 prilli 2008 të hyra në fuqi më 18 shkurt 2011, 5 maji 2008 të hyra në fuqi më 3 mars 2011 si dhe ndryshimet e miratuara më 15 dhjetor 2010. “

Neni 2

Teksti i ndryshimeve dhe plotesimeve të Statutit të Fondit të miratuara më 28 prill 2008 të hyra në fuqi më 18 shkurt 2011, të miratuara më 5 maj 2008 të hyra në fuqi më 3 mars 2011, si dhe ndryshimet dhe plotesimet e miratuara më 15 dhjetor 2010 nga neni 1 i ketij ligji, jane pjese perberese e ketij ligji.

Neni 3

Ndryshimet dhe plotesimet e Statutit të Fondit të miratuara më 15 dhjetor 2010 nga neni 1 i ketij ligji, do të hyjne në fuqi me diten e njoftimit formal të Fondit se ndryshimet dhe plotesimet e propozuara jane pranuar nga tri të pestat e anetareve që kane 85% të trupit të pergjithshem votues.

Neni 4

Ky ligj hyn në fuqi në diten e tete nga dita e botimit në “Gazeten Zyrtare të Republikes së Maqedonise”.

---

NDRYSHIMET E STATUTIT TË FONDIT MONETAR NDERKOMBETAR TË 28 PRILLIT 2008

1. Në Nenin XII seksioni 3 (e) ndryshohet si vijon:

“(e) Çdo drejtor ekzekutiv emeron zevendes me autorizim të plote që ta perfaqesoje kur ai do të mungoje, nese Bordi i Guvernatoreve mund të miratoje rregulla duke i mundesuar drejtorit ekzekutiv të zgjedhur nga numer më i madh se i caktuari i anetareve të emeroje dy zevendes. Rregullat e tilla, nese miratohen, mund të ndryshohen vetem në kontekst të zgjedhjes të zakonshme të drejtoreve ekzekutive dhe i imponojne drejtorit ekzekutiv që emeron dy zevendes të emeroje: (1) zevendes që do ta perfaqesoje drejtorin ekzekutiv kur do të mungoje, ndersa të dy zevendesit jane të pranishem dhe (2) zevendes që do t’i kryeje autorizimet e drejtorit ekzekutiv sipas (f) më poshte. Kur drejtoret ekzekutive që i emerojne jane të pranishem, zevendesit mund të marrin pjese në mbledhje, por nuk mund të votojne.”

2. Në Nenin XII seksioni 5 (a) ndryshohet si vijon:

“(a) Votat e pergjithshme të çdo anetari jane të barabarta me shumen e votave të tij themelore dhe votave të tij në baze të kuotes.

(1) Votat kryesore të çdo anetari jane numri i votave të fituara si rezultat i ndarjes së barabarte ndermjet të gjithe anetareve prej 5,502 perqind nga shuma e pergjithshme e numrit të pergjithshem të votave të të gjithe anetareve, me kusht që të mos kete vota themelore të parendesishme.

(2) Votat në baze të kuotes të çdo anetari jane numri i votave të fituara si rezultat i ndarjes së një vote për çdo pjese të kuotes së saj ekuivalente në 100 000 të drejta speciale të terheqjes.”

3. Në Shtojcen L paragrafi 2 ndryshohet si vijon:

"2. Numri i votave të ndara anetarit nuk jepen në çdo organ të Fondit. Ato nuk do të perfshihen në llogaritjen e numrit të pergjithshem të votave, pervec për dedikimet në vijim: (a) pranimin e ndryshimit të propozuar që ka të beje vetem me Sektorin për të drejta sociale të terheqjes dhe (b) llogaritjen e votave themelore në pajtim me nenin XII seksioni 5 (a) (1)".

NDRYSHIME TË STATUTIT TË FONDIT MONETAR NDERKOMBETAR TË 5 MAJIT 2008

1. Në Nenin XII seksioni 6 (f) (3) ndryshohet si vijon:

"(3) Fondi mund ta investoje valuten e anetarit që ruhet në Llogarine investuese për investime të cilat ai mund t'i caktoje, në pajtim me rregullat dhe dispozitat e miratuara nga Fondi me shumice prej 70% të numrit të pergjithshem të votave. Rregullat e miratuara në pajtim me kete dispozite jane perkatese me (7), (8) dhe (9) më poshte."

2. Në Nenin XII seksioni 6 (f) (6) ndryshohet si vijon:

"(6) Llogaria për investime anulohet në rast të likuidimi të Fondit dhe mund të anulohet, ose mund të zvogelohet shuma e investimeve, para likuidimi të Fondit me shumice prej 70% të numrit të pergjithshem të votave."

3. Në Nenin V seksioni 12 (h) ndryshohet si vijon:

"(h) Deri në shfrytezimet e theksuara nën (f) më poshte, Fondi mund ta investoje valuten e anetarit që ruhet në Llogarine speciale për pagesa për investime të cilat ai mund t'i caktoje, në pajtim me rregullat dhe dispozitat e miratuara nga Fondi me shumice prej 70 % të numrit të pergjithshem të votave. Të hyrat nga investimet dhe kamata e marre sipas (gj) (2) më siper vendosen në Llogarine speciale për pagese."

4. Në nenin V seksioni 12 shtohet (k), si vijon:

"(k) Cdohere kur sipas (c) më siper, Fondi shet ar që e ka fituar pas dates së ndryshimit të dyte të ketij statuti, shuma e mjeteve ekuivalente me cmimin e blerjes së arit vendoset në Llogarine e pergjithshme të mjeteve dhe çdo suficit vendoset në Llogarine investuese për perdorim në pajtim me dispozitat e nenit XII seksioni 6 (f). Nese cfaredo ari i fituar nga Fondi pas dates së ndryshimit të dyte të ketij statuti eshte shitur pas 7 prillit 2008, por para dates së hyrjes në fuqi të kesaj dispozite, atehere, pas hyrjes në fuqi të kesaj dispozite edhe krahas afatit të caktuar në nenin XII seksioni 6 (f) (2), Fondi mund të barte shume në Llogarine investuese nga Llogaria e pergjithshme e mjeteve, që eshte ekuivalente me mjetet nga shitja e atille më pak se (1) cmimi i blerjes së arit të shitur dhe (2) dhe çdo shume e mjeteve të atilla që e tejkalon cmimin e blerjes i cili tanime mund të jete bartur në Llogarine investuese para dates së hyrjes në fuqi të kesaj dispozite."

NDRYSHIME TË STATUTIT TË FONDIT MONETAR NDERKOMBETAR TË 15 DHJETORIT 2010

1. Në Nenin XII seksioni 3 (b) ndryshohet si vijon:

"(b) Varesisht nga (c) më poshte, Bordi Ekzekutiv perbehet nga 20 drejtore ekzekutive të zgjedhur nga anetaret, me drejtor të pergjithshem si kryesues."

2. Në nenin XII seksioni 3 (c) ndryshohet si vijon:

"(c) Për qellimet e çdo zgjedhjeje të rregullt të drejtoreve ekzekutive, Bordi i Drejtoreve, me shumice prej 85% nga numri i pergjithshem i votave, mund ta zmadhoje ose zvogeloje numrin e drejtoreve ekzekutive të theksuar në (b) më siper."

3. Në nenin XII seksioni 3 (d) ndryshohet si vijon:

"(d) Zgjedhja e drejtoreve ekzekutive kryhet në periudhe prej dy vitesh në pajtim me rregullat që i miraton Bordi i Guvernatoreve. Rregullat e tilla permbajne kufizim të numrit të pergjithshem të votave të cilat më shume se një anetare mund t'i jape për kandidatin e njejte."

4. Në Nenin XII seksioni 3 (f) ndryshohet si vijon:

"(f) Drejtoret ekzekutive mbeten në funksion derisa nuk zgjidhen trashegimtaret e tyre. Nese funksioni i drejtorit ekzekutiv zbrazet për më shume se 90 dite para perfundimit të mandatit të tij, zgjidhet drejtor tjeter ekzekutiv për pjesen e mbetur të mandatit nga anetaret që e kane zgjedhur drejtorin e meparshem ekzekutiv. Për zgjedhje nevojitet shumice votash. Derisa funksioni mbetet i zbrazur, zevendesdrejtori i meparshem ekzekutiv i kryen autorizimet e tij, pervec atë për emerimin e zevendesit".

5. Në nenin XII seksioni 3 (i) ndryshohet si vijon:

"(i) (1) Çdo drejtor ekzekutiv ka të drejte të votoje me aq numer të votave të anetareve që e kane zgjedhur.

(2) Kur zbatohen dispozitat e seksionit 5 (b) të ketij neni, votat e drejtorit ekzekutiv që do të kishte të drejte t'i jape, në menyre adekuate zmadhohen ose zvogelohen. Të gjitha votat që drejtori ekzekutiv ka të drejte t'i jape jepen në teresi.

(3) Kur suspendimi i së drejtes së votes të anetares eshte anuluar sipas nenin XXVI seksioni 2 (b), anetari mund të merret vesh me të gjitha anetaret që kane zgjedhur një drejtor ekzekutiv se me numrin e votave të ndara atij anetari do të votohet nga drejtori i atille ekzekutiv, me ç'rast, nese nuk eshte mbajtur zgjedhje e rregullt e drejtoreve ekzekutive në periudhen e suspendimit, drejtori ekzekutiv në zgjedhjen e të cilit ka marre pjese anetari para suspendimit, ose trashegimtari i tij i zgjedhur në pajtim me paragrafin 3 (c) (1) nga Shtojca L, ose me (f) më siper, do të kete të drejte të votoje me numrin e votave të dhena atij anetari. Konsiderohet se anetari ka marre pjese në zgjedhjen e drejtorit ekzekutiv që ka të drejte të votoje me numrin e votave të ndara atij anetari".

6. Në nenin XII seksioni 3 (j) ndryshohet si vijon:

"(j) Bordi i Guvernatoreve miraton rregulla sipas të cilave anetari mund të dergoje perfaqesues të marre pjese në cilendo mbledhje të Bordit Ekzekutiv kur shqyrtohet kerkese ose ceshtje e cila ka të beje vecanerisht me atë anetare."

7. Në nenin XII seksioni 8 ndryshohet si vijon:

"Fondi në çdo kohe ka të drejte joformalisht t'i barte pikepamjet e tij cilitdo anetari për cilendo ceshtje që del sipas ketij statuti. Fondi mundet me shumice prej 70% të numrit të pergjithshem të votave, të vendose të shpalle raport të bere për ndonje anetar lidhur me gjendjen e tij monetare ose ekonomike dhe zhvillimin që drejtperdrejt mund të shkaktoje pabarazi serioze në bilancet pagesore nderkombetare të anetareve. Anetari perkates ka të drejte prezantimi në pajtim me seksionin 3 (j) të ketij neni. Fondi nuk do të shpalle raport që perfshin ndryshime në strukturen themelore të organizimit ekonomik të anetareve."

8. Nenin XXI paragrafi (a) (2) ndryshohet si vijon:

"(a) (2) Për vendimet e Bordit Ekzekutiv për ceshtjet që kane të bejne ekskluzivisht me Seksionin për të drejta speciale të terheqjes, vetem drejtoret ekzekutive të zgjedhur së paku nga një anetar që eshte pjesemarres, do të kene të drejte vote. Secili prej ketyre drejtoreve ekzekutive e ka të drejten të votoje me numrin e votave të ndara anetareve që jane pjesemarrese dhe votat e të cilave jane numeruar gjate zgjedhjes së tij. Vetem prania e drejtoreve ekzekutive të zgjedhur nga anetaret që jane pjesemarrese dhe votat e ndara anetareve që jane pjesemarrese llogariten me qellim për caktimin nese ekziston kuorum ose nese vendimi eshte miratuar me shumice të nevojshme."

9. Neni XXIX paragrafi (a) ndryshohet si vijon:

"(a) Çdo ceshtje për interpretimin e dispozitave të ketij statusi që del ndermjet çdo anetari dhe Fondit ose ndermjet anetareve të Fondit parashtrohet te Bordi Ekzekutiv për vendimmarrje të tij. Nese ceshtja vecanerisht ka të beje me cilindo anetar ky do të kete të drejte perfaqesimi në pajtim me nenin XII seksioni 3 (j)."

10. Në Shtojcen D paragrafi 1 (a) ndryshohet si vijon:

"(a) Çdo anetar ose grup i anetareve që e ka numrin e votave që u eshte ndare dhe me të cilin voton drejtori ekzekutiv cakton në Keshill një keshilltar, i cili eshte guvernator, minister i qeverise së anetarit, ose person nga rangu perkates, dhe mund të emeroje jo më shume se shtate bashkepunetore. Bordi i Guvernatoreve mund ta ndryshoje, me shumice prej 85% të numrit të pergjithshem të votave, numrin e bashkepunetoreve të cilet mund të emerohen. Keshilltari ose bashkepunetori do ta kryejne punen derisa nuk behet emerimi, ose deri në zgjedhjen e ardhshme të radhes të drejtoreve ekzekutive, varesisht se cila ngjarje do të ndodhe e para."

11. Në Shtojcen D paragrafi 5 (e) shlyhet.

12. Në Shtojcen D Paragrafi 5 (f) behet paragraf 5 (e) dhe i njejti ndryshohet si vijon:

"(e) Kur drejtori ekzekutiv ka të drejte të votoje me numrin e votave të ndara anetarit sipas nenit XII seksioni 3 (i) (3), keshilltari i emeruar nga grupi anetaret e të cilit e kane zgjedhur drejtorin e tille ekzekutiv, do të kete të drejte të votoje me numrin votave të ndara anetarit të tille. Konsiderohet se anetari ka marre pjese në emerimin e keshilltarit që ka të drejte të votoje me numrin e votave të ndara atij anetari."

13. Shtojca E ndryshohet si vijon:

"Dispozita kalimtare lidhur me drejtoret ekzekutive

1. Pas hyrjes në fuqi të kesaj shtojce:

(a) Çdo drejtor ekzekutiv që eshte emeruar sipas nenit paraprak XII, seksionet 3 (b) (1) ose 3 (c) dhe që ka qene në funksion menjehere pas hyrjes në fuqi të kesaj shtojce, konsiderohet se eshte zgjedhur nga anetari që e ka emeruar dhe

(b) Çdo drejtor ekzekutiv që ka votuar me numrin e votave të anetarit sipas nenit paraprak XII seksioni 3 (i) (2) menjehere para hyrjes në fuqi në kesaj shtojce, konsiderohet se eshte i zgjedhur nga anetari i tille."

14. Në Shtojcen L paragrafi 1 (b) ndryshohet si vijon:

"(b) të emeroje guvernator ose zevendesguvernator, të emeroje ose të marre pjese në emerimin e keshilltarit ose zevendeskeshilltarit, ose të zgjedhe ose marre pjese në zgjedhjen drejtorit ekzekutiv."

15. Në Shtojcen L pjesa hyrese në paragrafin 3 (c) ndryshohet si vijon:

"(c) Drejtorit ekzekutiv të zgjedhur nga anetari, ose në zgjedhjen e të cilit ka marre pjese anetari, i pushon mandati, pervec nese drejtori i tille ekzekutiv ka pasur të drejte të votoje me numrin e votave të ndara anetareve tjera e drejta e të cilave e votes nuk eshte suspenduar. Në rastin e dyte:".

---

**2006.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИГРИТЕ НА СРЕЌА И ЗА ЗАБАВНИТЕ ИГРИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 11 јуни 2012 година.

Бр. 07- 2728/1
11 јуни 2012 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИГРИТЕ НА СРЕЌА И ЗА ЗАБАВНИТЕ ИГРИ

Член 1

Во Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија" број 24/11, 51/11 и 148/11), во членот 2 став (1) точка 1 по зборот „некој" се додава зборот „иден".

Точката 22 се менува и гласи:

„Игри на среќа во обложувалница се игри на среќа во кои учесникот во согласност со правилата на играта се обложува на идни реални настани или реални настани кои се во тек во времето на обложувањето и тоа настани кои се однесуваат на:

- спортски натпреварувања, трки и слично,
- танцови, пеачки, музички и слични натпреварувања и
- други натпреварувања;".

Член 2

Во членот 3 ставот (3) се менува и гласи:

„Постапката на вршење на надзор и контрола над спроведувањето на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон се врши согласно со Законот за инспекциски надзор и Законот за даночна постапка."

Член 3

Во членот 7 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Интернет игрите на среќа се приредуваат од страна на трговското друштво од ставот (2) на овој член, само или заедно со други приредувачи, при што без оглед на формата на здружување ова трговско друштво треба да има најмалку 51% учество во капиталот и во правото на одлучување во здружувањето."

Ставовите (3) и (4) стануваат ставови (4) и (5).

Член 4

По членот 10 се додава нов член 10-а, кој гласи:

„Член 10-а

(1) Трговското друштво на кое му е истечена лиценцата за приредување на игри на среќа, а има поднесено барање до Министерството за финансии за добивање на лиценца за приредување на соодветната игра на среќа не смее да приредува игри на среќа до издавањето на лиценцата од страна на Владата на Република Македонија. Доколку Управата за јавни приходи констатирала дека трговското друштво приредува игри на среќа без издадена лиценца, барањето за добивање на лиценца ќе биде одбиено.

(2) Доколку трговското друштво по прв пат има поднесено барање до Министерството за финансии за добивање на лиценца за приредување на соодветната игра на среќа, а констатирано е од Управата за јавни приходи дека приредува игри на среќа без лиценца, барањето за лиценца ќе биде одбиено.

(3) На трговското друштво од ставовите (1) и (2) на овој член нема да му се издаде лиценца во период од една година од денот кога е утврдено приредувањето на игрите на среќа без издадена лиценца."

Член 5

Во членот 13 став (1) по точката 9 се додаваат две нови точки 10 и 11, кои гласат:

„10) кај приредувачот на играта на среќа томбола од затворен тип, игрите на среќа во казино, обложувалница и автомат клуб се намалил депозитот или се активирала банкарската гаранција под износот пропишан

со овој закон, а приредувачот во рок од 48 часа не го надополнил износот до полниот износ пропишан со овој закон;

11) приредува обложување преку уплатно-исплатно место без решение од Министерството за финансии;".

Точките 10 и 11 стануваат точки 12 и 13.

Член 6

Членот 17 се менува и гласи:

„(1) Надоместоците и посебните давачки од игрите на среќа утврдени со овој закон се приход на Буџетот на Република Македонија.

(2) Во поглед на утврдувањето на обврските, постапката по жалба, присилната наплата, каматата и застареноста за наплата на надоместоците и посебните давачки од ставот (1) на овој член соодветно се применуваат прописите кои се однесуваат на даночната постапка.

(3) Министерството за финансии води евиденција за плаќањето на надоместоците и посебните давачки од ставот (1) на овој член врз основа на податоците од трезорот и за секоја промена на податоците во евиденцијата веднаш ја известува Управата за јавни приходи.

(4) Формата, содржината и начинот на водењето на евиденцијата од ставот (3) на овој член ги пропишува министерот за финансии."

Член 7

По членот 21 се додаваат два нови члена 21-а и 21-б, кои гласат:

„Член 21-а

(1) Управата за јавни приходи го утврдува исполнувањето на просторните и техничко-технолошките услови и поставеноста на опремата за приредување на игрите на среќа и на забавните игри во деловните простории од страна на приредувачите на игрите на среќа и на забавните игри.

(2) Приредувачот на игрите на среќа поднесува барање до Управата за јавни приходи за издавање на решение за утврдување на исполнувањето на просторните и техничко-технолошките услови и поставеноста на опремата за приредување на игрите на среќа и на забавните игри во деловната просторија, кон кое приложува:

- документ за регистрација на трговецот-поединец, односно на трговското друштво или неговата подружница, издаден од Централниот регистар на Република Македонија,

- доказ за правото на сопственост или правото на користење на деловната просторија,

- скица со податоци за бројот и поставеноста на автоматите, масите, апаратите и другата опрема потребна за приредување на игрите на среќа, односно на забавните игри во деловната просторија,

- технички извештај за извршена верификација на својствата и квалитетот на изведената електрична инсталација од акредитирано инспекциско тело и

- копија од лиценцата, односно дозволата за приредување на играта на среќа, односно забавната игра, доколку таа му е издадена.

(3) Доколку барањето за издавање на решение за утврдување на исполнувањето на просторните и техничко-технолошките услови и поставеноста на опремата за приредување на лотариските игри на среќа е поднесено од страна на приредувачот од членот 7 став (2) од овој закон, а се однесува за деловна просторија на која право на сопственост или право на користење има друг субјект кој врши дејност, кон барањето се поднесуваат податоци за опремата за приредување на игрите на среќа сместена во деловната просторија и договор со кој се уредени правата и обврските меѓу приредувачот од членот 7 став (2) од овој закон и другиот субјект.

(4) Утврдувањето на исполнувањето на просторните и техничко-технолошките услови и поставеноста на опремата за приредување на игрите на среќа и на забавните игри од страна на приредувачите на игрите на среќа и на забавните игри и издавањето на решение од страна на Управата за јавни приходи се врши во рок од 15 работни дена од денот на приемот на барањата од ставовите (2) и (3) на овој член, со соодветна примена на одредбите на контролата уредена со прописите кои се однесуваат на даночната постапка.

Член 21-б

(1) Приредувачите на посебните игри на среќа се должни да обезбедат надзорен информациски систем.

(2) Начинот на работа и користење, просторните, техничко-технолошките и другите карактеристики на надзорниот информациски систем, обемот и начинот на неговото следење и начинот на неговото поврзување и размена на податоците со информацискиот систем на Управата за јавни приходи ги пропишува министерот за финансии."

Член 8

Во членот 22 став (4) зборовите: „Формата и содржината" се заменуваат со зборот „Содржината".

Член 9

Во членот 26 став (1) точка 1 по зборовите: „Република Македонија" се додаваат зборовите: „не постар од шест месеци од денот на неговото издавање".

Член 10

Во членот 28 ставовите (3), (4) и (5) се менуваат и гласат:

„(3) Кон барањето од ставот (2) на овој член се приложува и доказ за исполнување на просторните и техничко-технолошките услови на уплатно-исплатните места не постар од 30 дена од денот на неговото издавање.

(4) Приредувачот на игрите на среќа има право да ја промени деловната просторија која ја користи како уплатно-исплатно место во кое се примаат уплати на влогови за игрите на среќа.

(5) Приредувачот на игрите на среќа поднесува барање за промена на деловната просторија која ја користи како уплатно-исплатно место до Министерството за финансии на пропишан образец, кон кое приложува доказ дека новата деловна просторија ги исполнува просторните и техничко-технолошките услови за приредување на играта на среќа не постар од 30 дена од денот на неговото издавање и доказ дека во претходната деловна просторија не се врши примање на уплата на влогови за игрите на среќа од страна на приредувачот."

По ставот (5) се додаваат седум нови става (6), (7), (8), (9), (10), (11) и (12), кои гласат:

„(6) Приредувачот на игрите на среќа има право да престане со вршењето на продажбата на лозовите и потврдите за уплата во деловната просторија која ја користи како уплатно-исплатно место.

(7) Приредувачот на игрите на среќа поднесува барање за добивање на одобрение за престанок на вршењето на продажбата на лозовите и потврдите за уплата во деловната просторија која ја користи како уплатно-исплатно место до Министерството за финансии, на пропишан образец.

(8) Кон барањето од ставот (7) на овој член приредувачот на игрите на среќа приложува доказ дека деловната просторија која ја користел како уплатно-исплатно место е затворена, односно во неа не се врши примање на уплати на влогови за игрите на среќа од страна на приредувачот.

(9) Како ден на престанок на вршење на продажба на лозови и потврди за уплата во деловната просторија која се користи како уплатно-исплатно место се смета денот кога тоа е утврдено со записник од страна на Управата за јавни приходи.

(10) Министерството за финансии со решение одлучува за давање на согласност за уплатно-исплатните места, за давање на согласност за промена на деловната просторија која ја користи како уплатно-исплатно место и за давање на одобрение за престанок на вршење на примање на уплати на влогови за игрите на среќа, во рок од осум работни дена од денот на поднесувањето на барањето.

(11) Министерството за финансии за доставените барања од ставовите (2), (5) и (7) на овој член ја известува Управата за јавни приходи веднаш по нивниот прием и по службена должност и ги доставува решенијата од ставот (10) на овој член.

(12) Формата и содржината на образецот на барањето од ставовите (2), (5) и (7) на овој член ги пропишува министерот за финансии."

Член 11

Во членот 36 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Обврската за јавно објавување од ставот (1) на овој член се смета за исполнета и доколку приредувачот на игрите на среќа извештајот за резултатите од извлекувањето и износот на добивките ги објави на својата интернет страница најдоцна во рок од седум дена од денот на извлекувањето."

Член 12

Во членот 40 став (3) точка 1 по зборовите: „Република Македонија" се додаваат зборовите: „не постар од шест месеци од денот на неговото издавање".

Во точката 8 зборовите: „потврдуваат позитивни финансиски резултати" се заменуваат со зборовите: „потврдува економско-финансиска состојба".

Во ставот (4) по зборовите: „томбола од затворен тип" се додаваат зборовите: „не постаро од 30 дена од денот на неговото издавање".

Член 13

Во членот 42 став (3) точка 1 по зборовите: „затворен тип" се додаваат зборовите: „не постар од 30 дена од денот на неговото издавање".

Член 14

Членот 50 се брише.

Член 15

Членот 51 се брише.

Член 16

Во членот 54 став (1) износот „50 евра" се заменува со износот „30 евра".

Член 17

Членот 55 се менува и гласи:

„(1) Електронските игри на среќа се приредуваат во деловни простории за кои приредувачот на електронските игри на среќа има добиено согласност од страна на Министерството за финансии.

(2) Приредувачот на електронските игри на среќа поднесува барање за добивање на согласност за деловните простории каде што ќе се приредуваат електронските игри на среќа до Министерството за финансии, на пропишан образец, кон кој доставува податоци за адресата, местото и површината на деловните простории каде што ќе се приредуваат електронските игри на среќа и доказ со кој се потврдува дека во деловните простории се поставени електронски видеолотариски терминали на приредувачот.

(3) Приредувачот на електронските игри на среќа поднесува барање за промена на деловната просторија каде што се приредуваат електронските игри на среќа до Министерството за финансии, на пропишан образец, кон кој доставува податоци за адресата, местото и површината на деловната просторија каде што ќе се приредуваат електронските игри на среќа и доказ дека во претходната деловна просторија не се приредуваат електронски игри на среќа од страна на приредувачот.

(4) Приредувачот на електронските игри на среќа има право да престане со приредување на електронски игри на среќа во деловната просторија за која има добиено согласност од Министерството за финансии.

(5) Приредувачот на електронските игри на среќа поднесува барање за добивање на одобрение за престанок на приредување на електронски игри на среќа во деловната просторија за која има добиено согласност, до Министерството за финансии, на пропишан образец.

(6) Кон барањето од ставот (5) на овој член приредувачот на електронските игри на среќа приложува доказ дека во деловната просторија која ја користел не се приредуваат електронски игри на среќа од негова страна.

(7) Како ден на престанок со приредување на електронски игри на среќа во деловната просторија се смета денот кога тоа е утврдено со записник од страна на Управата за јавни приходи.

(8) Министерството за финансии со решение одлучува за давање на согласност за деловните простории каде што ќе се приредуваат електронските игри на среќа, за давање на согласност за промена на деловната просторија во која се приредуваат електронски игри на среќа и за давање на одобрение за престанок на приредување на електронски игри на среќа, во рок од осум работни дена од денот на поднесувањето на барањето.

(9) Министерството за финансии за доставените барања од ставовите (2), (3) и (5) на овој член ја известува Управата за јавни приходи веднаш по нивниот прием и по службена должност и ги доставува решенијата од ставот (8) на овој член.

(10) Формата и содржината на образецот на барањето од ставовите (2), (3) и (5) на овој член ги пропишува министерот за финансии."

Член 18

Членот 56 се менува и гласи:

„Правилата на електронските игри на среќа треба да бидат истакнати на видно место во деловната просторија од членот 55 став (1) од овој закон."

Член 19

Во членот 57 став (3) точка 1 по зборот „орган" се додаваат зборовите: „и не постар од 30 дена од денот на неговото издавање".

Член 20

Во членот 60 став (3) точка 1 по зборот „казино" се додаваат зборовите: „не постар од 30 дена од денот на неговото издавање".

Член 21

Во членот 61 став (1) износот „100.000 евра" се заменува со износот „300.000 евра".

Член 22

Во членот 65 ставот (1) се менува и гласи:

„Приредувачот на игрите на среќа во казино е должен во деловната просторија во која ги приредува игрите на среќа да има автомати и маси во оној број и вид колку што се одобрени со лиценцата издадена од Владата на Република Македонија или со решенија на Министерството за финансии."

Во ставот (3) по зборовите: „во деловната просторија за приредување на игри на среќа во казино" се додаваат зборовите: „не постар од 30 дена од денот на неговото издавање".

Член 23

Во членот 70 став (9) зборовите: „централен сметачки систем (сервер) за онлајн надзор" се заменуваат со зборовите: „надзорен информациски систем".

Во ставот (10) зборовите: „со актот од членот 21 став (1) на овој закон" се заменуваат со зборовите: „со актот од членовите 21 став (1) и 21-б од овој закон".

Член 24

Во членот 73 став (3) по зборот „орган" се додаваат зборовите: „не постар од 30 дена од денот на неговото издавање".

Член 25

Во членот 74 став (5) точка 1 по зборот „обложувалница" се додаваат зборовите: „не постар од 30 дена од денот на неговото издавање".

Член 26

Во членот 75 зборовите: „компјутерски систем" се заменуваат зборовите: „надзорен информациски систем", а зборовите: „соодветен компјутерски систем" се заменуваат со зборовите: „информацискиот систем".

Член 27

Во членот 82 став (1) зборовите: „централен пресметковен систем за надзор" се заменуваат со зборовите: „надзорен информациски систем".

Во ставот (3) зборовите: „со актот од членот 21 став (1) на овој закон" се заменуваат со зборовите: „со актот од членовите 21 став (1) и 21-б од овој закон".

Член 28

Во членот 84 став (2) по зборот „место" се додаваат зборовите: „не постар од 30 дена од денот на неговото издавање".

Член 29

По членот 84 се додава нов член 84-а, кој гласи:

„Член 84-а

(1) Приредувачот на игрите на среќа во обложувалница има право да престане со приредувањето на игрите на среќа во деловната просторија која ја користи како уплатно-исплатно место.

(2) Приредувачот на игрите на среќа во обложувалница поднесува барање за добивање на одобрение за престанок со приредувањето на игрите на среќа во деловната просторија која ја користи како уплатно-исплатно место до Министерството за финансии, на пропишан образец.

(3) Приредувачот на игрите на среќа кон барањето од ставот (2) на овој член приложува доказ не постар од 30 дена од денот на неговото издавање дека деловната просторија која ја користел како уплатно-исплатно место е затворена, односно во неа не се врши приредување на игри на среќа во обложувалница од страна на приредувачот.

(4) Барање за продолжување на приредувањето на игрите на среќа во обложувалница во истата деловна просторија може да се поднесе по истекот на три месеци од денот на приемот на решението со кое е дадено одобрение за престанок на приредувањето на игрите на среќа во деловната просторија која ја користи како уплатно-исплатно место.

(5) Доколку приредувачот на игри на среќа во обложувалница го користи правото од ставот (1) на овој член, е должен да обезбеди приредување на игрите на среќа во обложувалница во најмалку едно уплатно-исплатно место.

(6) Како ден на престанок со приредување на игрите на среќа во деловната просторија се смета денот кога тоа е утврдено со записник од страна на Управата за јавни приходи.

(7) Министерството за финансии со решение одлучува за давање на одобрение за престанок на приредувањето на игрите на среќа во обложувалница, во рок од осум работни дена од денот на поднесувањето на барањето.

(8) Министерството за финансии за доставеното барање од ставот (2) на овој член ја известува Управата за јавни приходи веднаш по неговиот прием и по службена должност и го доставува решението од ставот (7) на овој член.

(9) Формата и содржината на образецот на барањето од ставот (2) на овој член ги пропишува министерот за финансии."

Член 30

Во членот 85 став (1) зборовите: „централниот пресметковен систем" се заменуваат со зборовите: „надзорниот информациски систем".

Член 31

Во членот 86 став (3) точка 1 по зборот „орган" се додаваат зборовите: „и не постар од 30 дена од денот на неговото издавање".

Член 32

Во членот 88 став (2) точка 1 по зборот „клуб" се додаваат зборовите: „не постар од 30 дена од денот на неговото издавање".

Член 33

Во членот 89 зборовите: „компјутерски систем" се заменуваат со зборовите: „надзорен информациски систем", а зборовите: „соодветен компјутерски систем" се заменуваат со зборовите: „информацискиот систем".

Член 34

Во членот 93 ставот (1) се менува и гласи:

„Приредувачот на игрите на среќа во автомат клуб е должен во деловната просторија во која ги приредува игрите на среќа да има автомати во оној број и вид колку што се одобрени со лиценцата издадена од Владата на Република Македонија или со решенија на Министерството за финансии."

Во ставот (3) по зборовите: „во деловната просторија за приредување на игри на среќа на автомати" се додаваат зборовите: „не постар од 30 дена од денот на неговото издавање".

Член 35

По членот 93 се додава нов член 93-а, кој гласи:

„Член 93-а

(1) Приредувачот на игрите на среќа во автомат клуб има право да престане со приредувањето на игрите на среќа во деловната просторија во која се приредуваат игри на среќа во автомат клуб.

(2) Приредувачот на игрите на среќа во автомат клуб поднесува барање за добивање на одобрение за престанок со приредувањето на игрите на среќа во деловната просторија во која се приредуваат игри на среќа во автомат клуб до Министерството за финансии, на пропишан образец.

(3) Приредувачот на игрите на среќа кон барањето од ставот (2) на овој член приложува доказ не постар од 30 дена од денот на неговото издавање дека деловната просторија која ја користел за приредување на игрите на среќа во автомат клуб е затворена, односно во неа не се врши приредување на игри на среќа во автомат клуб од страна на приредувачот.

(4) Барање за продолжување на приредувањето на игрите на среќа во автомат клуб во истата деловна просторија може да се поднесе по истекот на три месеци од денот на приемот на решението со кое е дадено одобрение за престанок на приредувањето на игрите на среќа во автомат клуб.

(5) Доколку приредувачот на игрите на среќа во автомат клуб го користи правото од ставот (1) на овој член, е должен да обезбеди приредување на игрите на среќа во автомат клуб во најмалку една деловна просторија.

(6) Како ден на престанок со приредување на игрите на среќа се смета денот кога тоа е утврдено со записник од страна на Управата за јавни приходи.

(7) Министерството за финансии со решение одлучува за давање на одобрение за престанок на приредувањето на игрите на среќа во автомат клуб, во рок од осум работни дена од денот на поднесувањето на барањето.

(8) Министерството за финансии за доставеното барање од ставот (2) на овој член ја известува Управата за јавни приходи веднаш по неговиот прием и по службена должност и го доставува решението од ставот (7) на овој член.

(9) Формата и содржината на образецот на барањето од ставот (2) на овој член ги пропишува министерот за финансии.“

Член 36

Во членот 96 став (5) зборовите: „со актот од членот 21 став (1) на овој закон се заменуваат со зборовите: „со актот од членовите 21 став (1) и 21-б од овој закон“.

Член 37

Во членот 102 став (2) точка 1 по зборовите: „Република Македонија“ се додаваат зборовите: „не постар од шест месеци од денот на неговото издавање“.

Член 38

Во членот 104 став (2) во воведната реченица зборот „производител“ се заменува со зборот „приредувач“.

Во точката 1 по зборовите: „Република Македонија“ се додаваат зборовите: „не постар од шест месеци од денот на неговото издавање“.

Член 39

Во членот 108 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Условите за приредување на интернет игри на среќа кои се приредуваат во соработка со приредувачи на интернет игри на среќа со други држави се пропишуваат со правилата на игрите на среќа на кои согласност дава Владата на Република Македонија, на предлог на Министерството за финансии.“

Ставовите (3), (4) и (5) стануваат ставови (4), (5) и (6).

Член 40

Во членовите 109 став (2), 112 став (3), 114 став (1) точка 2, 115 ставови (1), (2), (4) и (5), 116 став (1) и 123 став (3) зборовите: „носителот на лиценца“, односно „носителот на лиценцата“ се заменуваат со зборовите: „приредувачот на игрите на среќа“.

Член 41

Во членот 125 став (2) точка 1 по зборовите: „Република Македонија“ се додаваат зборовите: „не постар од шест месеци од денот на неговото издавање“.

Во точките 3 и 4 зборот „лиценца“ се заменува со зборот „дозвола“.

Во точката 7 зборовите: „потврдуваат позитивни финансиски резултати“ се заменуваат со зборовите: „потврдува економско-финансиска состојба“.

Член 42

Во членот 130 став (2) точка 1 по зборовите: „Република Македонија“ се додаваат зборовите „не постар од шест месеци од денот на неговото издавање“.

Во точките 3 и 4 зборот „лиценца“ се заменува со зборот „дозвола“.

Во точката 7 зборовите: „потврдуваат позитивни - финансиски резултати“ се заменуваат со зборовите: „потврдува економско-финансиска состојба“.

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Барањето од ставот (1) на овој член се поднесува најдоцна во рок од 15 дена пред денот кој од страна на подносителот на барањето е определен како ден на почеток на приредувањето на интерактивната игра на среќа.“

Ставовите (3) и (4) стануваат ставови (4) и (5).

Член 43

Во членот 134 став (2) точка 1 по зборовите: „Република Македонија“ се додаваат зборовите: „не постар од шест месеци од денот на неговото издавање“.

Во точката 3 зборовите: „потврдуваат позитивни финансиски резултати“ се заменуваат со зборовите: „потврдува економско-финансиска состојба“.

Во точката 4 по зборот „игри“ се додаваат зборовите: „не постар од 30 дена од денот на неговото издавање“.

Член 44

Во членот 135 став (3) точка 1 по зборот „игри“ се додаваат зборовите: „не постар од 30 дена од денот на неговото издавање“.

Член 45

По членот 135 се додава нов член 135-а, кој гласи:

„Член 135-а

(1) Приредувачот на забавни игри има право да го промени бројот на апаратите за забавни игри.

(2) За промена на бројот на апаратите за забавни игри, приредувачот на забавни игри е должен да поднесе барање до Министерството за финансии на пропишан образец.

(3) Доколку приредувачот на забавни игри сака да го зголеми бројот на апаратите за забавни игри, кон барањето од ставот (2) на овој член ги доставува документите од членот 134 став (2) точки 4, 5 и 6 од овој закон.

(4) Доколку приредувачот на забавни игри сака да го намали бројот на апаратите за забавни игри, кон барањето од ставот (2) на овој член доставува доказ издаден од Управата за јавни приходи дека апаратите за забавни игри за кои е поднесено барање за намалување се исклучени од употреба.

(5) Министерството за финансии со решение одлучува за промената на бројот на апаратите за забавни игри во рок од осум работни дена од денот на поднесувањето на барањето.

(6) Формата и содржината на образецот на барањето од ставот (2) на овој член ги пропишува министерот за финансии."

Член 46

По членот 144 се додаваат два нови членови 144-а и 144-б, кои гласат:

„Член 144-а

(1) Утврдувањето на техничката исправност на автоматите за игри на среќа се врши пред нивното пуштање во употреба и во текот на нивната употреба, и тоа:

- при првото пуштање во употреба на нов автомат за игри на среќа (прв преглед),
- во рок од една година од првото пуштање во употреба на автоматот за игри на среќа (редовен годишен преглед),
- по извршена поправка или друга интервенција на автоматот за игри на среќа и
- при промена на деловната просторија на приредувачот во која е сместен автоматот за игри на среќа.

(2) Утврдувањето на техничката исправност на автоматите за игри на среќа по барање на Управата за јавни приходи се врши пред нивното пуштање во употреба или во текот на нивната употреба.

Член 144-б

(1) Барањето на приредувачот на игрите на среќа за утврдување на техничката исправност на автоматите за игри на среќа содржи:

- име и седиште на приредувачот на игрите на среќа и
- податоци за типот, назив на производителот или увозникот, фабрички и сериски број доделен од производителот, година на производство и други податоци кои се однесуваат на автоматот чија техничка исправност се утврдува.

(2) Кон барањето од ставот (1) на овој член, во случаите од членот 144-а став (1) алинеа 1 од овој закон, покрај податоците од ставот (1) на овој член се приложува и техничка документација на производителот која содржи:

- документ за испитувањето на типот на автоматот за игри на среќа со декларација со месец и година на производство на автоматот за игри на среќа од која графички и нумерички е видливо дека вкупниот број програмски комбинации на учесниците во игрите на среќа им исплатуваат најмалку 87% од вредноста на уплатите за учество во игрите на среќа,
- документ за тестирањето на типот на автоматот за игри на среќа во врска со електричната и електронската безбедност,
- технички опис на автоматот за игри на среќа и упатство за користење и
- гаранцијата на производителот на автоматот за игри на среќа.

(3) По барање на овластеното лице приредувачот на играта на среќа во случаите од членот 144-а став (1) од овој закон доставува или приложува и други податоци или документи потребни за утврдувањето на техничката исправност на автоматите за игри на среќа.

(4) Овластеното лице во случаите од членот 144-а став (1) алинеја 1 од овој закон пристапува кон утврдување на техничката исправност на автоматот за игри на среќа доколку доставеното барање од страна на приредувачот на игрите на среќа ги содржи податоците од ставот (1) на овој член и прилозите од ставот (2) на овој член."

Член 47

Во членот 145 по ставот (2) се додаваат два нови става (3) и (4), кои гласат:

„(3) По барање на Управата за јавни приходи, овластеното правно лице е должно да пристапи кон утврдување на техничката исправност на автоматите за игри на среќа, во рок од три работни дена од денот на поднесеното барање од страна на Управата за јавни приходи и да утврди дали соодветниот автомат за игри на среќа е технички исправен.

(4) Овластеното правно лице е должно во рок од три работни дена од денот на утврдувањето на техничката исправност да издаде исправа на Управата за јавни приходи за техничката исправност, односно неисправност на определениот автомат, односно автомати."

Ставот (3) станува став (5).

Член 48

По членот 145 се додава нов член 145-а, кој гласи:

„Член 145-а

(1) Секој преглед и контрола на автоматот за игри на среќа од страна на овластеното правно лице од членот 138 став (2) од овој закон се впишува во сервисна книшка која ја издава овластеното правно лице.

(2) Сервисна книшка се издава за секој автомат за игри на среќа или за сите автомати за игри на среќа на приредувачот на игрите на среќа и особено содржи податоци кои се однесуваат на извршените прегледи и контроли на автоматите.

(3) Формата и содржината на сервисната книшка ги пропишува министерот за финансии."

Член 49

Во членот 146 по ставот (1) се додаваат три нови става (2), (3) и (4), кои гласат:

„(2) По издавањето на уверението за техничка исправност на автоматот за игри на среќа во случаите од членот 144-а алинеја 1 од овој закон овластеното правно лице врши жигосување на автоматот за игри на среќа со основен жиг.

(3) По издавањето на уверението за техничка исправност на автоматот за игри на среќа во случаите од членот 144-а алинеи 2, 3 и 4 од овој закон овластеното правно лице врши жигосување на автоматот за игри на среќа со годишен жиг.

(4) Жиговите кај автоматите за игри на среќа се поставуваат на вратата од кутијата во која се сместени бројчаниците."

Ставот (2) станува став (5).

Член 50

Во членот 147 по ставот (2) се додаваат шест нови става (3), (4), (5), (6), (7) и (8), кои гласат:

Në nenin 149 – v paragrafi (3) fjalet. “nenet 129 - a dhe 129 – b” zevendesohen me fjalet: “nenet 149 – a dhe 149 – b”.

Neni 52

Në nenin 151 paragrafi (4) shlyhet.

Paragrafi (5) behet paragraf (4).

Paragrafi (6) i cili behet paragraf (5), ndryshohet si vijon:

"(5) Nese në proceduren për mbikeqyrje nga personi zyrtar i autorizuar i Drejtorise së të Hyrave Publike, percaktohet se në lokalin afarist organizohen lojera të fatit pa licence ose leje të leshuar ose për të cilen organizuesi i lojerave të fatit ka marre licence perkatesisht leje por nuk i paguan detyrimet publike të percaktuara me ligj, personi zyrtar i autorizuar kryen vulosje të lokalit afarist në të cilin organizohen lojera të fatit dhe merr aktvendim me të cilin ndalohet organizimi i lojerave të fatit në atë lokal afarist në afat prej dhjete vitesh, e kryerje të veprimtarise tjeter në afat prej një viti.”

Pas paragrafit (5) shtohet paragraf i ri (6), si vijon:

“(6) Kunder aktvendimit nga paragrafet (3) dhe (6) të ketij neni mund të parashtrohet ankese në afat prej tete ditesh pune nga dita e pranimit të aktvendimit, në Ministrine e Financave."

Neni 53

Në nenin 156 paragrafi (2) shtohen dy paragrafe të rinj (3) dhe (4), si vijojne:

“(3) Personi fizik që i organizon lojerat e fatit pa licence perkatesisht leje të leshuar nga organi kompetent, do të denohet me denim me burg prej së paku tre vitesh dhe me denim në para në shume prej 600 000 deri në 1 200 000 denare.

(4) Me denim nga paragrafi (3) i ketij neni për vepren nga paragrafi (3) i ketij neni, do të denohet tregtari individ dhe kryeresi i pavarur i veprimtarise që organizon lojera të fatit pa leje ose licence të leshuar nga organi kompetent.”

Paragrafi (3) behet paragraf (5).

Neni 54

Në nenin 157 paragrafi (1) pas pikes 18 shtohen dy pika të reja 19 dhe 20 si vijojne:

“19) organizuesi i lojerave të fatit në kazino dhe klube me automate në lokalin afarist ku i organizon lojerat e fatit ka numer më të madh të automateve perkatesisht tavolinave, ose ka automate ose tavolina nga lloji tjeter që nuk lejohen me licencen e leshuar nga Qeveria e Republikes së Maqedonise ose me aktvendim nga Ministria e Financave (nenet 65 paragrafi (1) dhe 93 paragrafi (1));

20) organizon lojera të fatit në kundershtim me rregullat e lejuara nga Ministria e Financave (nenet 29, 31, 45 paragrafi (1), 53, 62 paragrafi (1), 77 paragrafi (1), 91 paragrafi (1), 108 paragrafi (2), 126 paragrafi (2),132);”.

Pikat 19, 20, 21, 22, 23 dhe 24 behen pika 21, 22, 23, 24, 25 dhe 26.

Pas paragrafit (3) shtohen dy paragrafe të rinj (4) dhe (5), si vijojne:

“(4) Gjobe në shume prej 2 000 eurosh në kundervlere me denare do t’i kumtohet tregtarit individ, për kundervajtje nga paragrafi (1) pika 23) të ketij neni.

(5) Për kundervajtje nga paragrafi (1) pika 23 të ketij neni, pervec gjobes nga paragrafi (4) i ketij neni, tregtarit individ do t’i kumtohet edhe ndalim për kryerjen e profesionit, veprimtarise ose detyres në kohezgjatje prej 15 ditesh.”

Neni 55

Pas nenit 157 shtohet nen i ri 157-a, si vijon:

“Neni 157 - a

(1) Gjobe në shume prej 5 000 eurosh në kundervlere me denare do t'i kumtohet personit juridik i cili si organizues i lojerave të fatit në kazino, nuk siguron sistem mbikeqyres informativ permes të cilit jane lidhur të gjithe automatet për lojera të fatit të vendosura në kazino, pa marre parasysh nese ato jane vendosur në një ose më shume lokale afariste të organizuesit, ose sistemi nuk siguron të dhena për pagese në çdo automat që mund të paraqiten në çdo kohe ose sistemi i ketille nuk mundeson lidhjen e tij me sistemin informativ të Drejtorise së të Hyrave Publike (neni 66 paragrafi (6)).

(2) Gjobe në shume prej 5 000 eurosh në kundervlere me denare do t'i kumtohet personit juridik i cili si organizues i lojerave të fatit në kazino nuk siguron sistem mbikeqyres informativ në të cilin jane lidhur të gjithe kompjuteret permes të cileve behet evidentimi i pageses nga të gjitha vendpagesat ose sistemi nuk siguron të dhena për pagese të çdo kompjuteri që mund të paraqitet në çdo kohe, ose sistemi i ketille nuk mundeson lidhjen e tij me sistemin informativ të Drejtorise së të Hyrave Publike (neni 75).

(3) Gjobe në shume prej 5 000 eurosh në kundervlere me denare do t'i kumtohet personit juridik i cili si organizues i lojerave të fatit në klube me automate, nuk siguron sistem mbikeqyres informativ permes të cilit jane lidhur të gjithe automatet për lojera të fatit, pa marre parasysh nese ato jane vendosur në një ose më shume lokale afariste të organizuesit, ose sistemi nuk i siguron të dhenat për pagese në çdo automat që mund të paraqiten në çdo kohe, ose sistemi i atille nuk mundeson lidhjen e tij me sistemin informativ të Drejtorise së të Hyrave Publike (neni 89).

(4) Gjobe në shume prej 2 000 eurosh do t’i kumtohet personit pergjegjes në personin juridik për kundervajtje nga paragrafet (1), (2) dhe (3) të ketij neni.

(5) Për kundervajtje nga paragrafet (1), (2) dhe (3) të ketij neni personit juridik, pervec gjobes nga paragrafet (1), (2) dhe (3) të ketij neni, do t'i kumtohet edhe masa ndalim i perkohshem për kryerjen e veprimtarise prej 30 ditesh në lokalin afarist ku eshte konstatuar parregullsia, ndersa personit pergjegjes në personin juridik pervec gjobes nga paragrafi (4) i ketij neni do t'i kumtohet edhe ndalim për kryerjen e profesionit veprimtarise ose detyres në kohezgjatje prej një deri në tre vjet."

Neni 56

Në nenin 159 fjalet: "sistemi kompjuterik" zevendesohen me fjalet: "sistemi mbikeqyres informativ", ndersa fjalet: "sistemi perkates kompjuterik" zevendesohen me fjalet: "sistemi informativ".

Neni 57

Në nenin 160 paragrafi (1) fjalet: "sistem kompjuterik" zevendesohen me fjalet: "sistem mbikeqyres informativ", ndersa fjalet: "sistem perkates kompjuterik" zevendesohen me fjalet: "sistem informativ".

Në paragrafin (2) fjalet: "sistem kompjuterik" zevendesohen me fjalet: "sistem mbikeqyres informativ", ndersa fjalet: "sistem perkates kompjuterik" zevendesohen me fjalet: "sistem informativ".

Neni 58

Në nenin 161 paragrafi (1) fjalet: "sistem kompjuterik" zevendesohen me fjalet: "sistem mbikeqyres informativ", ndersa fjalet: "sistem perkates kompjuterik" zevendesohen me fjalet: "sistem informativ".

Në paragrafin (2) fjalet: "sistem kompjuterik" zevendesohen me fjalet: "sistem mbikeqyres informativ", ndersa fjalet: "sistem perkates kompjuterik" zevendesohen me fjalet: "sistem informativ".

Neni 59

Në nenin 162 paragrafi (1) fjalet: "sistem kompjuterik" zevendesohen me fjalet: "sistem mbikeqyres informativ", ndersa fjalet: "sistem perkates kompjuterik" zevendesohen me fjalet: "sistem informativ".

Në paragrafin (2) fjalet: "sistemi kompjuterik" zevendesohen me fjalet: "sistem mbikeqyres informativ", ndersa fjalet: "sistem perkates kompjuterik" zevendesohen me fjalet: "sistem informativ".

Neni 60

Në nenin 164 pas paragrafit (3) shtohet paragraf i ri (4), si vijon:

"(4) Licencat për organizimin e lojes së vecante të fatit bast në gara sportive të leshuara në pajtim me dispozitat që kane qene të vlefshme deri më 5 shtator 2011, vazhdojne të vlejne deri në skadimin e afatit për të cilin jane leshuar si licenca për organizimin e lojerave të fatit në bastore."

Pas paragrafit (4) i cili behet paragraf (5) shtohen tre paragrafe të rinj (6), (7) dhe (8) si vijojne:

"(6) Heqja dhe nderprerja e licencave dhe lejeve të leshuara në pajtim me dispozitat që kane qene në fuqi deri më 5 shtator 2011, do të kryhen në pajtim me dispozitat e ketij ligji.

(7) Dispozita e nenit 11 paragrafi (3) të ketij ligji, do të zbatohet edhe për licencat e leshuara në pajtim me dispozitat që kane qene në fuqi deri më 5 shtator 2011.

(8) Organizuesit e lojerave të fatit në klubet me automate të cileve u jane leshuar licenca për organizimin e lojerave të fatit në klubet me automate në pajtim me dispozitat që kane qene në fuqi deri më 5 shtator 2011, kane të drejte të organizojne lojera të fatit në më shume lokale afariste nese e permbushin kushtin nga neni 89 i ketij ligji."

Paragrafi (5) behet paragraf (9).

Neni 61

Në nenin 166 fjalet: "do të fillojne të zbatohen nga 1 janari 2012" zevendesohen me fjalet: "nuk do të zbatohen deri më 1 janar 2013".

Neni 62

Në tere tekstin e ligjit fjalet: "tete dite" zevendesohen me fjalet: "tete dite pune".

Në tere tekstin e ligjit fjalet: "30 dite" zevendesohen me fjalet: "30 dite pune".

Neni 63

Shoqeria tregtare për organizimin e lojerave të fatit në të cilen Republika e Maqedonise eshte bashkepronare ose aksionare me së paku 51% të kryegjese themelore, eshte e detyruar të filloje me organizimin e lojerave të fatit nepermjet internetit në afat prej një viti nga dita e hyrjes në fuqi të ketij ligji.

Shoqeria tregtare nga paragrafi 1 i ketij neni, lojerat e fatit nepermjet internetit do t'i organizoje në periudhe prej dy vitesh nga fillimi i afatit të percaktuar në paragrafin 1 të ketij neni.

Dispozitat e nenit 26 të ketij ligji në menyre perkatese zbatohen gjate organizimit të lojerave të fatit nepermjet internetit në periudhen nga paragrafi 2 i ketij neni.

Shoqeria tregtare nga paragrafi 1 i ketij neni paguan detyrim të vecante në shume prej 0,5% nga vlera e pergjithshme të pagesave në baze mujore deri më 15 të muajit për muajin paraprak.

Dispozitat e neneve 98, 99, 100, 101, 102, 103, 104, 105, 106, 107 dhe 111 të Ligjit për lojera të fatit dhe lojera argetuese ("Gazeta Zyrtare e Republikes së Maqedonise" numer 24/11, 51/11 dhe 148/11), do të fillojne të zbatohen pas kalimit të periudhes së percaktuar në paragrafin (2) të ketij neni.

Neni 64

Organizuesit e lojerave të fatit dhe lojerave argetuese që deri në diten e hyrjes në fuqi të ketij ligji kane marre licenca ose leje për organizimin e lojerave të fatit dhe lojerave argetuese, jane të detyruar ta harmonizojne punen e tyre me dispozitat e ketij ligji në afat prej gjashte muajsh nga dita e hyrjes në fuqi të ketij ligji.

Neni 65

Dispozitat e nenit 55 të ketij ligji do të fillojne të zbatohen nga 1 janari 2013.

Neni 66

Ky ligj hyn në fuqi diten e tete nga dita e botimit në "Gazeten Zyrtare të Republikes së Maqedonise".

---

**2007.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЛЕГАЛИЗАЦИЈА НА ЈАВНИТЕ ИСПРАВИ ВО МЕЃУНАРОДНИОТ ПРОМЕТ**

Се прогласува Законот за легализација на јавните исправи во меѓународниот промет,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 11 јуни 2012 година.

Бр. 07- 2735/1
11 јуни 2012 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ЛЕГАЛИЗАЦИЈА НА ЈАВНИТЕ ИСПРАВИ ВО МЕЃУНАРОДНИОТ ПРОМЕТ

Член 1

Со овој закон се уредува легализацијата (во натамошниот текст: заверување) на јавните исправи во меѓународниот промет, освен ако со меѓународен договор ратификуван согласно со Уставот на Република Македонија поинаку не е определено.

Член 2

Со заверувањето на јавната исправа (во натамошниот текст: исправа), во смисла на овој закон, се потврдува веродостојноста на потписот на лицето кое ја потпишало исправата и веродостојноста на печатот на институцијата што ја издала исправата.

Член 3

Исправи, во смисла на овој закон, се подразбираат исправите кои во државата во која се издадени се сметаат како јавни исправи и кои се издадени во постапка утврдена со закон на соодветната држава.

Член 4

Исправите издадени во странство можат да се употребуваат во Република Македонија само ако се заверени согласно со закон на соодветната држава.

Исправите издадени во странство не подлежат на заверување, во смисла на овој закон, ако по основ на заемност исправите од Република Македонија не подлежат на заверување во соодветната држава.

Исправите издадени во странство кои подлежат на заверување, во смисла на овој закон, се употребуваат во Република Македонија ако се заверени од Министерството за надворешни работи, односно дипломатско-конзуларното претставништво на Република Македонија во странство.

Член 5

Ако органот на кој е поднесена исправата издадена во странство се посомнева во нејзината веродостојност, ќе побара од Министерството за надворешни работи да провери дали исправата ја издал органот што е наведен во неа.

Член 6

Исправите издадени во Република Македонија заради нивна употреба во странство претходно ги заверува Министерството за надворешни работи, односно дипломатско-конзуларно претставништво на Република Македонија во странство.

Начинот на заверување на исправите од ставот 1 на овој член, како и на исправите издадени во странство, начинот на водењето на евиденцијата за извршеното заверување и формата и содржината на обрасците за заверување на Министерството за надворешни работи и на дипломатските и на конзуларните претставништва на Република Македонија во странство ги пропишува министерот за надворешни работи.

Член 7

Министерството за надворешни работи, односно дипломатскотo- конзуларното претставништво на Република Македонија во странство ќе завери исправа издадена во Република Македонија заради нејзина употреба во странство само ако, претходно, потписот на лицето кое ја потпишало исправата и печатот на институцијата што ја издала исправата ги заверил нотар или претседателот на основниот суд, односно судијата кого тој ќе го определи, а потписот на нотарот и неговиот печат, односно потписот на претседателот на основниот суд или на судијата кого тој ќе го определи и печатот на судот ги заверило Министерството за правда.

Нотарот, претседателот на основниот суд, односно судијата кого тој ќе го определи можат да ги заверат само оние исправи што ги издале институции што имаат седиште на подрачјето на нотарот, односно на основниот суд.

Член 8

Исправите издадени во Република Македонија заради нивна употреба во државите потписнички на Хашката конвенција за укинување на потребата од легализација на странски јавни исправи ги заверува основниот суд, односно Министерството за правда.

Во случајот од ставот 1 на овој член основниот суд може да ги завери само исправите што ги издале институциите што имаат седиште на подрачјето на тој суд, а Министерството за правда исправите што ги издале институциите што имаат седиште на подрачјето на кој и да било основен суд на територијата на Република Македонија.

Заверување, во смисла на овој член, во основниот суд врши претседателот на судот или судијата кого тој ќе го определи, а во Министерството за правда државниот службеник кој ќе го определи министерот за правда.

Член 9

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да се применува Законот за легализација на исправите во меѓународниот промет ("Службен лист на СФРЈ" број 8/73).

Член 10

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

---

## L I GJ
## PËR LEGALIZIMIN E DOKUMENTEVE PUBLIKE NË QARKULLIMIN NDERKOMBETAR

Neni 1

Me kete ligj rregullohet legalizimi (në tekstin në vijim: verifikimi) i dokumenteve publike në qarkullimin nderkombetar, pervec nese me marreveshje nderkombetare të ratifikuar në pajtim me Kushtetuten e Republikes së Maqedonise, nuk eshte percaktuar ndryshe.

Neni 2

Me verifikimin e dokumentit publik (në tekstin si vijon: dokumenti), sipas ketij ligji, konfirmohet autenticiteti i nenshkrimit të personit që e ka nenshkruar dokumentin dhe autenticiteti i vules së institucionit që e ka leshuar dokumentin.

Neni 3

Dokumente sipas ketij ligji nenkuptohen dokumentet që në shtetin në të cilin jane leshuar konsiderohen si dokumente publike dhe të cilat jane leshuar në procedure të percaktuar me ligjin e shtetit perkates.

Neni 4

Dokumentet e leshuara në vende të huaja mund të perdoren në Republiken e Maqedonise vetem nese jane verifikuar në pajtim me ligjin e shtetit perkates.

Dokumentet e leshuara në vende të huaja nuk i nenshtrohen verifikimit sipas ketij ligji, nese në baze të reciprocitetit, dokumentet e Republikes së Maqedonise nuk i nenshtrohen verifikimit në shtetin perkates.

Dokumentet e leshuara në vende të huaja që i nenshtrohen verifikimit sipas ketij ligji, perdoren në Republiken e Maqedonise nese jane verifikuar nga Ministria e Puneve të Jashtme - respektivisht perfaqesia diplomatike - konsullore e Republikes së Maqedonise në shtet të huaj.

Neni 5

Nese organi të cilit i eshte paraqitur dokumenti i leshuar në vend të huaj dyshon lidhur me autenticitetin e të njejtit, do të kerkoje nga Ministria e Puneve të Jashtme që të kontrolloje nese dokumentin e ka leshuar organi i theksuar në të.

Neni 6

Dokumentet e leshuara në Republiken e Maqedonise për perdorim të tyre në vende të huaja, paraprakisht i verifikon Ministria e Puneve të Jashtme, respektivisht perfaqesia konsullore - diplomatike e Republikes së Maqedonise në vend të huaj.

Menyren e verifikimit të dokumenteve nga paragrafi 1 i ketij neni, si dhe dokumenteve të leshuara në vende të huaja, menyren e mbajtjes së evidences për verifikimin e kryer dhe formen dhe permbajtjen e formulareve për verifikim, të Ministrise së Puneve të Jashtme dhe perfaqesive diplomatike - konsullore të Republikes së Maqedonise në vende të huaja, i percakton ministri i Puneve të Jashtme.

Neni 7

Ministria e Puneve të Jashtme respektivisht perfaqesia diplomatike - konsullore e Republikes së Maqedonise në vend të huaj do të verifikoje dokument të leshuar në Republiken e Maqedonise për perdorim të tij në vende të huaja, vetem nese paraprakisht nenshkrimin e personit që e ka nenshkruar dokumentin dhe vula e institucionit që e ka leshuar dokumentin i ka verifikuar noteri ose kryetari i gjykates themelore respektivisht gjykatesi të cilin ai do ta caktoje, ndersa nenshkrimin e noterit dhe vulen e tij respektivisht nenshkrimin e kryetarit të gjykates themelore ose të gjykatesit të cilin e ka ai caktuar dhe vulen e gjykates i ka verifikuar Ministria e Drejtesise.

Noteri, kryetari i gjykates themelore respektivisht gjykatesi të cilin ai e ka caktuar, mund t'i verifikojne vetem ato dokumente që i kane leshuar institucionet që kane seli në rajonin e noterit, respektivisht gjykates themelore.

Neni 8

Dokumentet e leshuara në Republiken e Maqedonise për perdorim të tyre në shtetet nenshkruese të Konventes së Hages për heqjen e nevojes së legalizimit të dokumenteve të huaja publike, i verifikon gjykata themelore respektivisht Ministria e Drejtesise.

Në rastin nga paragrafi 1 i ketij neni gjykata mund t'i verifikoje vetem dokumentet që i kane leshuar institucionet me seli në rajonin e asaj gjykate, ndersa Ministria e Drejtesise dokumentet që i kane leshuar institucionet që kane seli në rajonin e cilesdo gjykate themelore në territorin e Republikes së Maqedonise.

Verifikim sipas ketij neni, në gjykaten themelore kryen kryetari i gjykates ose gjykatesi të cilin ai e ka caktuar, ndersa në Ministrine e Drejtesise nepunesi shteteror që do ta caktoje ministri i Drejtesise.

Neni 9

Me diten e hyrjes në fuqi të ketij ligji shfuqizohet Ligji për legalizim të dokumenteve në qarkullimin nderkombetar ("Fleta Zyrtare e RSFJ-së numer 8/73)

Neni 10

Ky ligj hyn në fuqi diten e tete nga dita e botimit në "Gazeten Zyrtare të Republikes së Maqedonise".

---

## НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**2008.**

Врз основа на член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/2010) и член 114 став 2 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/2007, 90/2009 и 67/2010), Советот на Народната банка на Република Македонија, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НА СУПЕРВИЗИЈА И НАДЗОР

I. Во Одлуката за начинот на вршење на супервизија и надзор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/2008), се вршат следниве измени и дополнувања:

1. Во главата V точка 8, ставот 1 се менува и гласи:

„Непосредната теренска контрола на банка се врши според однапред утврден план за теренски контроли, одобрен од страна на гувернерот на Народната банка.“

По ставот 1 се додава нов став 2 којшто гласи:

„По исклучок на ставот 1 од оваа точка, непосредна теренска контрола на банка се спроведува и по потреба во следните случаи:

- доколку преку постојано вонтеренско следење се утврди влошување на трендовите во работењето на банката, што може негативно да влијае врз нејзината сигурност и стабилност;
- доколку е потребно утврдување на респонзивноста на банката во однос на преземените мерки од страна на гувернерот на Народната банка и
- заради прибирање, обработка и анализа на податоци потребни за извршување на функциите на Народната банка.“

Ставот 2 станува став 3.

2. Во главата V точка 14, по ставот 1 се додава нов став 2 којшто гласи:

„По исклучок на ставот 1 на оваа точка, за спроведените контроли од точка 8 став 2 алинеја 3 од оваа одлука, овластените лица изготвуваат извештај којшто не се доставува до банката.“

Ставот 2 станува став 3.

3. Во главата V точка 15, ставот 3 се менува и гласи:

„Записникот претставува службена тајна на Народната банка и банката е должна да ја чува. Банката може да ја цитира или на друг начин да ја наведе содржината на записникот само по претходно одобрение на Народната банка за потребите за вршење ревизија на годишните финансиски извештаи и трговски книги, за длабинска анализа на банката и во други случаи предвидени со закон.“

4. Во главата V точка 18, зборовите „триесет дена“ се менуваат со зборовите „дваесет и пет дена“.

5. Во главата V, по точка 18 се додава нова точка 19 којашто гласи:

„19. Доколку во записникот од точка 14 став 1 на оваа одлука се содржани наоди коишто се однесуваат на работата на друштвото за ревизија, извадок од записникот се доставува и до друштвото за ревизија.

Друштвото за ревизија од ставот 1 на оваа точка има право на приговор на записникот, во рок од осум дена.

Во рамките на приговорот, друштвото за ревизија има право да побара дополнително појаснување во врска со основите врз кои Народната банка ги заснова своите наоди во записникот.

Овластените лица од точка 2 од оваа одлука се должни да му доставаат на друштвото за ревизија одговор на приговорот во рок од најмногу дваесет и пет дена од приемот на приговорот, по што извадокот од записникот станува конечен.“

6. Точките 19, 20, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27, 28, 29 стануваат точки 20, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27, 28, 29, 30.

7. По главата VI се додава нова глава VII која гласи:

„VII. НАДЗОР НА РАБОТЕЊЕТО НА ЛИЦАТА ПОВРЗАНИ СО БАНКАТА, НА ДРУГИТЕ ЛИЦА ВО БАНКАРСКАТА ГРУПА И НА ДРУШТВОТО ЗА ПОМОШНИ УСЛУГИ НА БАНКАТА

30. Народната банка може да врши надзор на работењето на лицата поврзани со банката, на другите лица во банкарската група или на друштвото за помошни услуги на банката (во натамошниот текст: субјекти на надзор).

Непосредниот надзор од став 1 на оваа точка се врши врз основа на решение на гувернерот на Народната банка, со кое се определува предметот на надзорот и лицата овластени за вршење надзор.

Народната банка доставува известување до субјектите на надзор дека планира да врши непосредна контрола во рок што не е пократок од 8 дена пред отпочнувањето на непосредната контрола на субјектот на надзор.

Известувањето од став 3 од оваа точка содржи податоци за предметот на контрола, лицата овластени за вршење надзор, датумот на отпочнување на контролата, планираното времетраење на контролата, како и барањето за доставување податоци и информации потребни за извршување на контролата.

Во известувањето од став 3 од оваа точка ќе бидат утврдени податоците и информациите што субјектот на надзор ќе треба да ги достави до Народната банка, најмалку 3 работни дена пред отпочнувањето на контролата и податоци што треба да бидат подготвени заклучно со денот на отпочнувањето на контролата.

Податоците и информациите од став 5 од оваа точка треба да бидат целосни, точни и конечни и субјектот на надзор не може да ги менува во текот на контролата.

Субјектите на надзор се должни на лицата овластени за вршење надзор да им овозможат непречено вршење на надзорот, увид во работењето и на нивно барање, да им ја стават на располагање или да им ја достават целокупната потребна документација, податоци и информации.

По завршувањето на надзорот, овластените лица изготвуваат извештај за наодите утврдени со надзорот и го доставуваат до субјектите на надзорот.

Субјектите од став 8 на оваа точка имаат право на приговор во рок не подолг од 8 дена од денот на приемот на извештајот.

Лицата овластени за вршење надзор се должни да достават одговор на приговорот во рок од најмногу 15 дена од приемот на приговорот, по што и официјално ќе се смета дека извештајот е конечен.

По конечноста на извештајот, Народната банка ги известува банките коишто користат услуги од субјектот на надзор за конкретните наоди поврзани со работењето на банката и ризиците на кои е изложена банката.“

8. Главите VII, VIII, IX стануваат глави VIII, IX и X, а точките 30, 31, 32, 33, 34, 35 стануваат точки 31, 32, 33, 34, 35, 36.

9. Во главата IX којашто станува глава X, во точката 33 којашто станува точка 34, зборовите „лица поврзани со банка, друштво за помошни услуги на банка“ се бришат.

II. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| О бр.02- 15/VII-1/2012 | Гувернер и претседавач |
| 7 јуни 2012 година | на Советот на Народната банка |
| Скопје | на Република Македонија, |
| | **Димитар Богов,** с.р. |

---

**2009.**

Врз основа на член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/2010) и член 68 став 1 точка 4 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/2007, 90/2009 и 67/2010), Советот на Народната банка на Република Македонија, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА СИГУРНОСТА НА ИНФОРМАТИВНИОТ СИСТЕМ НА БАНКАТА

I. Во Одлуката за сигурноста на информативниот систем на банката („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/2008 и 78/2008 и 31/2009), се вршат следниве измени и дополнувања:

1. Во главата V, по точката 29 се додава нова точка 30 којашто гласи:

„Доколку банката користи друштво за услуги на банката за информативен систем за обезбедување сервис на СВИФТ (англ. SWIFT) при извршувањето на активностите од платниот промет во странство е должна:

- да го уреди функционирањето на сервисот на СВИФТ согласно со точките 25, 26, 28 и 29 од оваа одлука;
- да поседува сет на стандардизирани софтверски алатки за соодветно управување со размената на пораките;
- да има назначено најмалку две лица во постојан работен однос во улога на лица одговорни за управување со сигурноста на инфраструктурата на СВИФТ (англ. SWIFTNet Security Officers). Овие лица треба да имаат непречен директен и индиректен пристап до сервисите за управување со инфраструктурата на СВИФТ за сертификати (англ. SWIFTNet PKI);
- Доколку има потреба, банката може да назначи едно дополнително лице за управување со сигурноста на инфраструктурата на СВИФТ, кое не мора да биде во постојан работен однос. Во ваквиот случај, активностите на лицата за управување со сигурноста на инфраструктурата на СВИФТ треба да се воспоставаат на принцип на двојна потврда на нивните активности;
- да не ги воспостави функциите за управување со инфраструктурата за сертификати врз принципот на заеднички систем на управување со сертификатите (англ. shared security officers).“

2. Во главата VI, точките 30, 31, 32 и 33 стануваат точки 31, 32, 33 и 34.

II. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе почне да се применува од 1.9.2012 година.

О бр. 02- 15/VII-2/2012 Гувернер и претседавач
7 јуни 2012 година на Советот на Народната банка
Скопје на Република Македонија,
**Димитар Богов,** с.р.

---

**2010.**

Врз основа на член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10) и член 103 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/07, 90/09 и 67/10), Советот на Народната банка на Република Македонија, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА СМЕТКОВОДСТВЕНИОТ И РЕГУЛАТОРНИОТ ТРЕТМАН НА ПРЕЗЕМЕНИТЕ СРЕДСТВА ВРЗ ОСНОВА НА НЕНАПЛАТЕНИ ПОБАРУВАЊА

I. Во Одлуката за сметководствениот и регулаторниот третман на преземените средства врз основа на ненаплатени побарувања („Службен весник на Република Македонија" бр. 79/07), се вршат следниве измени и дополнување:

1. Во главата III точка 8 став 2, зборот: „член" се заменува со зборот: „точката".

2. Точката 9 од главата III се брише.

3. Точките 10 и 11 и главата IV се бришат.

4. Главите V и VI стануваат глави IV и V, а точките 12, 13, 14 и 15 стануваат точки 9, 10, 11 и 12.

### II. Преодни и завршни одредби

5. Банката е должна да ги продаде преземените средства затечени со влегувањето во сила на оваа одлука (во понатамошниот текст: затечените преземени средства), во период од пет години по датумот на влегување во сила на оваа одлука.

6. Банката е должна најмалку еднаш во период од дванаесет месеци да обезбеди проценка на вредноста на затечените преземени средства согласно со точката 7 од Одлуката за сметководствениот и регулаторниот третман на преземените средства врз основа на ненаплатени побарувања („Службен весник на Република Македонија" бр. 79/07).

7. Банката е должна во билансот на успех да признае загуба за оштетување за затечените преземени средства еднаква најмалку на поголемиот износ од:

- разликата помеѓу проценетата вредност од точката 6 од оваа глава, намалена за трошоците за продажба и почетната сметководствена вредност, намалена за вкупниот износ на загуба за оштетување и
- 20% од почетната сметководствена вредност намалена за вкупниот износ на загуба за оштетување.

8. Банката е должна да го направи првото признавање на загубата за оштетување од точката 7 од оваа глава најдоцна до 1.1.2013 година.

9. По исклучок на точките 5, 7 и 8 од оваа глава, за средствата преземени по 1.1.2010 година, рокот од точката 5 од оваа глава и обврската за признавање загуба за оштетување од точката 7 од оваа глава започнуваат од 1.7.2014 година, а банката е должна да го направи првото признавање на загубата за оштетување за овие средства најдоцна до 1.1.2015 година.

Во периодот до 1.7.2014 година, за овие средства банката е должна во билансот на успех да признае загуба за оштетување еднаква на разликата помеѓу проценетата вредност од точката 6 од оваа глава, намалена за трошоците за продажба и почетната сметководствена вредност, намалена за вкупниот износ на загуба за оштетување.

10. Доколку банката не успее да го продаде преземеното средство во рокот од точката 5 од оваа глава, односно од точката 9 став 1 од оваа глава, должна е на крајот на петтата година да ја сведе вредноста на затеченото преземено средство на нула.

11. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

О бр. 02- 15/VII-3/2012 Гувернер и претседавач
7 јуни 2012 година на Советот на Народната банка
Скопје на Република Македонија,
**Димитар Богов,** с.р.

---

**2011.**

Врз основа на член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/2010) и член 2 став 1 точка 29 и член 64 став 3 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/2007, 90/2009 и 67/2010), Советот на Народната банка на Република Македонија, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊА НА ОДЛУКАТА ЗА МЕТОДОЛОГИЈАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА АДЕКВАТНОСТА НА КАПИТАЛОТ

I. Во Одлуката за изменување и дополнувања на Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/2009 и 165/2011), се врши следнава измена и дополнување:

1. Во точка II став 1, датумот: „30.06.2012", се заменува со датумот: „1.7.2012".

По ставот 2 се додава нов став 3, којштo гласи:

„По исклучок на став 1, точките 1, 2, 7, 8, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17 и 18 од оваа одлука не се применуваат на штедилниците."

Ставот 3 станува став 4.

II. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

О бр. 02- 15/VII-4/2012 Гувернер и претседавач
7 јуни 2012 година на Советот на Народната банка
Скопје на Република Македонија,
**Димитар Богов,** с.р.

---

**2012.**

Врз основа на член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10) и член 40 став 3 од Законот за девизно работење („Службен весник на Република Македонија" бр. 34/01, 49/01, 103/01, 51/03, 81/08, 24/11 и 135/11), Советот на Народната банка на Република Македонија, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА НА ИЗВЕСТУВА-ЊЕ ЗА ТРАНСАКЦИИ СО НЕРЕЗИДЕНТИ

1. Со оваа одлука се пропишуваат начинот и постапката на известување на резидентите до Народната банка на Република Македонија (во натамошниот текст: Народната банка) за извршени трансакции со нерезиденти.

2. Резидентите се должни да известуваат за:

- состојбата и промените на сметките на резидентите во странство;
- состојбата и промените на евиденциските сметки за порамнување на меѓусебните побарувања и обврски со нерезиденти;
- состојбата и промените на побарувањата и обврските од комерцијално работење со нерезиденти;
- состојбата и промените на капиталот и на меѓукомпанискиот долг на капитално поврзаните субјекти врз основа на вложувања во и од странство;
- за состојбата и промените на побарувањата од и обврските кон нерезиденти од трансакции со хартии од вредност; и
- други промени на побарувањата од и обврските кон нерезиденти, коишто влијаат на ставките на платниот биланс.

3. За потребите на оваа одлука, поимот состојба на побарувања и обврски се однесува на износот на средствата и обврските на почетокот, односно на крајот на извештајниот период.

Промените на побарувањата и обврските ги вклучуваат сите трансакции настанати во извештајниот период, како и промените настанати во обемот на побарувањата и обврските како резултат на курсни разлики, ценовни промени и останати промени.

4. Известувањето за трансакциите со нерезиденти може да се врши непосредно и посредно.

Непосредното известување претставува директно известување од страна на резидентите кои имаат трансакции со нерезиденти, преку доставување соодветен извештај до Народната банка.

Посредното известување претставува известување од страна на други лица, кои не учествувале непосредно во трансакциите со нерезиденти, но доставуваат извештаи до Народната банка за извршените трансакции, согласно со информациите со кои располагаат.

5. За потребите на оваа одлука кај непосредното известување, известувачи се сите резиденти кои врз основа на трансакции со нерезиденти имаат промени во состојбата на побарувањата од или обврските кон нерезиденти.

6. По исклучок на точка 5 од оваа одлука, за потребите на известувањето за состојбата и промените на одредени видови побарувања и обврски од трансакции со нерезиденти, предвидени во точка 2, алинеи 3, 4 и 6, Народната банка може да ги определи известувачите врз основа на постапка за избор на примерок.

Народната банка еднаш годишно врши избор на примерок на известувачи, по што писмено ги известува резидентите кои се избрани за известување.

Писменото известување од претходниот став ги обврзува известувачите да доставуваат извештаи сè до нивното отповикување по пат на писмено известување од страна на Народната банка.

Доколку во текот на годината се јави потреба за промена на примерокот, Народната банка може да ја повтори постапката за избор на примерок на известувачи.

7. Известувањето за трансакциите предвидени во точка 2, алинеи 1, 2, 3, 4 и 5 од оваа одлука, се врши непосредно, од страна на резидентите кои имаат трансакции со нерезиденти.

За трансакциите предвидени во точка 2, алинеја 6 од оваа одлука, известувањето може да се врши и посредно преку извештаи коишто до НБРМ ги доставуваат:

- овластените банки (за платниот промет со странство),
- овластените учесници на пазарот на хартии од вредност и Централниот депозитар за хартии од вредност (за трансакции со хартии од вредност) и
- Царинската управа на Република Македонија (за извозот и увозот на стоки и услуги).

8. За точноста на податоците во извештаите се одговорни известувачите. Податоците во доставените извештаи треба да бидат идентични со податоците во сметководствените прегледи, книговодствените исправи и другата документација којашто известувачите се должни да ја приложат на увид, по барање на Народната банка.

Податоците во извештаите коишто се однесуваат на поединечните известувачи се од доверлив карактер.

9. Гувернерот донесува упатства за спроведувањето на оваа одлука со кои се пропишуваат начинот, постапката и роковите на известување, формата и содржината на обрасците за известување за трансакциите со нерезиденти.

10. Со примената на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за задолжително известување за работењето со странство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/02 и бр. 163/2008).

11. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а се применува од 1.9.2012 година.

О бр. 02- 15/VII-5/2012 Гувернер и претседавач
7 јуни 2012 година на Советот на Народната банка
Скопје на Република Македонија,
**Димитар Богов,** с.р.

---

**2013.**

Врз основа на член 47 став 1 точка 6 и член 71 став 2 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/2010), Советот на Народната банка на Република Македонија, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ЕДИНСТВЕНА-ТА ТАРИФА НА НАДОМЕСТОЦИТЕ ЗА УСЛУ-ГИТЕ ШТО ГИ ВРШИ НАРОДНАТА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1.Во Одлуката за единствената тарифа на надоместоците за услугите што ги врши Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 86/10, 169/10,64/11 и 54/12), точката 4 се брише, а точките 5 и 6 стануваат точки 4 и 5.

2. Оваа одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 01.06.2012 година.

О бр. 02- 15/VII-6/2012 Гувернер и претседавач
7 јуни 2012 година на Советот на Народната банка
Скопје на Република Македонија,
**Димитар Богов,** с.р.

## СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**2014.**

И С П Р А В К А

Во "Службен весник на РМ" бр. 54 од 27.04.2012 година, во Одлуката за избор на јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Куманово кој гласи: „За јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Куманово се избира Газменд Мехмеди", направена е техничка грешка и истиот треба да гласи: „За јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Куманово се избира Газменд Мехмети".

А. бр. 148-29/12
11 јуни 2012 година
Скопје

Совет на јавните обвинители
на Република Македонија,
Претседател,
**Костадин Кизов,** с.р.

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

**2015.**

Врз основа на членот 10 од Законот за исплата на платите во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 70/94, 62/95, 33/97, 50/01, 26/02, 46/02, 37/05, 121/07, 161/08, 92/09, 97/10 и 11/12), Министерството за труд и социјална политика

**О Б Ј А В У В А**

1. Стапката на трошоците на живот за месец мај 2012 година, во однос на месец април 2012 година, е пониска за 0,3%.

2. Исплатата на платите за месец мај 2012 година, во однос на месец април 2012 година, работодавачите од членот 3 став 1 од Законот за исплата на платите во Република Македонија, ја вршат на нивото на правото утврдено за претходниот месец.

Министер,
**Спиро Ристовски,** с.р.

Службен весник на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник – м-р Тони Трајанов.
Телефон: +389-2-55 12 400.
Телефакс: +389-2-55 12 401.

Претплатата за 2012 година изнесува 10.100,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2012074